АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03. 11. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4945 | 1 | |

11:50


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 3 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

  (1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

  (2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

  (1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

  в) За локалните избори:
  - за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;

- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, **е констатирано прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се седум изданија на Вестите во 19 часот и 30 минути и три изданија на Вестите во 17 часот и 30 минути (на 21, 22 и 23 октомври)[1].

Телевизијата не обезбеди непристрасно покривање на изборите во својата вкупна програма. Во последните десет дена од изборната кампања во вториот круг од Локалните избори, ТВ Алфа беше фокусирана на известување за активностите, ставовите и реакциите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. За Коалицијата, во вестите беа одвоени вкупно 44 минути и 34 секунди (39 минути и 47 секунди активности од кампања и 4 минути и 47 секунди од други теми поврзани со избори), што е двојно повеќе од вкупното време за сите други учесници во кампањата за кои известуваше медиумот. Освен во вестите, ТВ Алфа одвои забележливо повеќе простор за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и во другите информативни емисии. Иако од првиот круг на изборите беше јасно дека нема услови за реализација на планираните дебати во информативниот блок „Избори 2017“ во рамки на емисијата „Алфа Скоп“ поради отсуство на кандидатите за градоначалници од Коалицијата предводена од СДСМ, медиумот продолжи наместо дебати да емитува интервјуа само со кандидатите за градоначалници од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Во овој извештаен период беа емитувани интервјуа со Јохан Тарчуловски, Тони Трајковски, Дарко Костовски и со Илчо Захариев. Освен ова беа емитувани и интервјуа со претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски и со Антонијо Милошоски, Влатко Ѓорчев, Емил Димитриев и Спиро Ристовски.

_Дневно-информативни емисии_

Во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година, примерокот за мониторинг на ТВ Алфа го сочинуваа вкупно десет изданија на дневно-информативните емисии. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 3 часа 43 минути и 10 секунди.

_Табела 1: Структура на темите по субјекти_

| ТВ АЛФА | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Активности на органите на власт | | |
| Влада на РМ | 00:38:37 | 52.28 % |
| Други субјекти | 00:08:33 | 11.57 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:10 | 8.35 % |

[1] Вестите во 19 часот и 30 минути не се емитуваа за викенд и на празник.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:07:33 | 10.22 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:22 | 1.85 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:22 | 1.85 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:18 | 8.53 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:19 | 1.78 | % |
| Судство | 00:00:52 | 1.17 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:46 | 2.39 | % |
| Вкупно за тема: | 01:13:52 | 100 | % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:07:05 | 100.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:07:05 | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Други субјекти | 00:30:17 | 37.70 | % |
| Без субјекти | 00:08:41 | 10.81 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:19 | 25.30 | % |
| Влада на РМ | 00:05:13 | 6.50 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:46 | 0.95 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:03 | 7.53 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:47 | 5.96 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:33 | 4.42 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:40 | 0.83 | % |
| Вкупно за тема: | 01:20:19 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Беса | 00:03:10 | 5.36 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:39:47 | 67.37 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:14:13 | 24.08 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:53 | 3.19 | % |
| Вкупно за тема: | 00:59:03 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| | 00:02:51 | 100 | % |
| Вкупно за тема: | 00:02:51 | 100 | % |

**Вкупно: 03:43:10**

Прилозите во кои медиумот преку информативни жанрови известуваше за активностите на учесниците во изборната кампања и кандидатите за градоначалници во вториот круг од Локалните избори 2017, опфаќаат 59 минути и 3 секунди во мониторираните изданија на вестите на ТВ Алфа (Табела 1). Иако за активностите на учесниците во изборната кампања, генерално не е одвоена голема минутажа, што делумно се должи на интензитетот на активностите на партиите во вториот круг на локалните избори, сепак од временскиот сооднос може да се заклучи дека Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во вестите на ТВ Алфа доби забележливо поголем простор во однос на сите други политички субјекти. Изборните активности на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ беа застапени со 39 минути и 47 секунди, што е двојно повеќе од вкупното време за сите други учесници во кампањата за кои известуваше медиумот. Споредбено, за Коалицијата предводена од СДСМ која беше со приближно еднаков број на кандидати за градоначалници во вториот круг од локалните избори, беа одвоени 14 минути и 13 секунди што е за 25 минути и 34 секунди помалку во однос на времето што го доби Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ. Треба да се напомене дека во ова

време, освен извештаите за јавните настапи и активностите на кандидатите за градоначалници, влегуваат и партиските реакции и соопштенија од ВМРО ДПМНЕ за актуелните теми, во најголем дел поврзани со локалните избори, кои медиумот во континуитет ги пренесуваше во дневно - информативниот блок.

Освен за активностите на учесниците во изборната кампања од двете Коалиции со најмногу кандидати за градоначалници во вториот круг од Локалните избори, медиумот со помал обем известуваше и за активностите на БЕСА и на ДУИ.

Другите теми поврзани со избори, исто така, обработени преку информативни жанрови, опфаќаат 1 час 20 минути и 19 секунди. Временски најзастапена во овој дел е категоријата *„други субјекти“* – 30 минути 17 секунди, во која методолошки се категоризирани: ЕВН, НБРМ, бизнисмени и директори на компании, Бизнис конфедерацијата на Македонија, Комората на овластени архитекти и инженери, новинарот Сашо Ордановски (преку информација за негова колумна), други медиуми (во врска со информации пренесени од нив), актерот Тони Михајловски (преку изјава за иницијативата за реформи во ВМРО ДПМНЕ), членовите на семејството Јованови од Демир Капија (кои пријавиле закани од партиски активисти за време на изборите) и сл.

За ставовите на експерти/аналитичари за актуелните теми одвоени се 20 минути и 19 секунди, а застапени се: Костадин Димитров (универзитетски професор), Марјан Николов (Центар за економски анализи), Зоран Ивановски (универзитетски професор), Сотир Костов (аналитичар), Алајдин Демири (аналитичар), Фатмир Битиќи (економски консултант), Ѓоко Зороски (инженер за животна средина), Богданчо Гогов (универзитетски професор), Виолета Ачковска (историчар), Александар Даштевски (политички аналитичар), Павле Гацов (даночен советник), Костадин Димитров (експерт за енергетика), Игор Јанев (универзитетски професор), Стефан Влахов Мицов (Институт за историја).

Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во категоријата „други теми поврзани со избори“ е застапена со 4 минути и 47 секунди, а Коалицијата предводена од СДСМ со 40 секунди.

Прилозите во кои се проследени активностите на органите на власт во вестите на ТВ Алфа се застапени со 1 час 13 минути и 52 секунди, а од тоа најголем дел – 38 минути и 38 секунди, е одвоено за активностите на Владата. И во овој мониториран период, на надворешно - политички план во фокусот на интерес на Телевизијата се преговорите со Грција и договорот со Бугарија. Од внатрешно-политичките теми, во неколку изданија на вестите се информираше за новото задолжување на Владата, измените во Законот за пушење, набавката на нови автомобили во Министерството за внатрешни работи, измените во даночната политика со изјави на премиерот Зоран Заев и вицепремиерот Кочо Анѓушев кој е застапен со изјави и за актуелната состојба во фабриката Фени. Во оваа категорија се нотирани и редовните извештаи и соопштенија од МВР.

Медиумот аналитички се осврна на темата за можна лидерска средба на Зоран Заев и Никола Груевски во Париз со посредство на Брисел, оттаму и времето од 2 минути и 51 секунда за категоријата - коментари и ставови. Во прилогот „Лидерска во Париз – Обид за помирување или притисок за името?“ во анализата е вклучен и ставот на Игор Јанев, универзитетски професор од Белград.

*Табела 2: Структура на директните обраќања*

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:08:01 | 12.61 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:16 | 24.01 | % |
| Влада на РМ | 00:05:31 | 8.68 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:19:17 | 30.33 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:06:31 | 10.25 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:57 | 3.07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:17 | 0.45 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:38 | 1.00 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:17 | 3.59 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:24 | 0.63 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:25 | 0.66 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:27 | 0.71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:13 | 0.34 | % |
| Беса | 00:02:21 | 3.70 | % |
| | **Вкупно: 01:03:35** | 100 | % |

Распоредот на директните обраќања во вестите (Табела 2) ја следи логиката на вкупната застапеност на субјектите во вестите од првата табела. За Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во мониторираните изданија на вестите на ТВ Алфа беа одвоени 19 минути и 17 секунди, за Коалицијата предводена од СДСМ - 6 минути и 31 секунда, за Беса 2 минути и 21 секунда и за ДУИ – 17 секунди.

*Посебни информативни емисии*

ТВ Алфа и во овој мониториран период емитуваше повеќе посебни информативни емисии со учесници во изборниот процес или на теми поврзани со изборите.

*Дебатни емисии*

Во овој завршен десетдневен период од изборната кампања за вториот круг на гласање на Локалните избори 2017, ТВ Алфа емитуваше по две премиерни и две репризни изданија на дебатните емисии „Ѕид" и „60 минути со Горан Момировски" и едно издание на емисијата „Без ракавици", со една реприза.

На 18 октомври гости во емисијата „60 минути со Горан Момировски" беа Ненад Јовановиќ (колумнист во „Слободен печат" и граѓански активист), Бујар Идризи (граѓански активист и поранешен новинар на „Факти") и Оливер Андонов (универзитетски професор). Тема на дебатата беа резултатите од првиот круг на локалните избори и големата разлика во гласови меѓу Коалицијата предводена од СДСМ и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Реприза од емисијата беше емитувана на 19 октомври.

Во второто издание на емисијата "60 минути со Горан Момировски", емитувано на 25 октомври на тема: „Договорот со Бугарија и најголемите предизвици во него", за конструирање и деконструирање на идентитетот и македонскиот „етно-национализам", дебатираа: Ивона Опетческа Татарчевска (етнолог) и Виктор Канзуров (новинар и публицист). Реприза од емисијата беше емитувана на 26 октомври.

Во емисијата „Ѕид" со Љупчо Цветановски, емитувана на 19 октомври, гостин беше поранешниот градоначалник на Карпош, Стевчо Јакимовски од партијата ГРОМ. Тема на емисијата беа случувањата по првиот круг на локалните избори, инцидентот во изборниот штаб на ГРОМ на денот на изборите, со емитување на снимка од настанот. Реприза на емисијата беше емитувана на 20 октомври.

На 26 октомври беше емитувано второто издание на емисијата „Ѕид" на тема: „Инцидентите во текот на изборната кампања и начинот на кој државата се справи со нив". Гости во емисијата беа Влатко Ѓорчев (ИК на ВМРО ДПМНЕ) и Милан Стефановски (политички аналитичар). Реприза на емисијата беше емитувана на 27 октомври.

Темите поврзани со Локалните избори 2017 (инциденти во предизборниот период, внатрепартиски анкети и очекувања на партиите од локалните избори, одбивањето на приговорите во ДИК) беа во фокусот и на емисијата „Без ракавици" со Дарко Јаневски, што беше емитувана на 23 октомври и репризирана на 24 октомври. Гости во емисијата беа Катерина Нешкова (новинарка во Сител) и Цветин Чилиманов (новинар во МИА).

*Други информативни програми*

Од другите информативни емисии во овој десетдневен период од кампањата пред вториот круг на локалните избори, ТВ Алфа емитуваше едно премиерно и по едно репризно издание на политичкиот магазин „Седмица" со Коле Чашуле, едно премиерно и две репризни изданија на емисијата „Несомнено" со Катерина Гетева, и едно издание на емисијата „Во центар" со Васко Ефтов.

Во фокусот на политичкиот магазин „Седмица", емитуван на 20 октомври, беше првиот круг од локалните избори, резултатите, инцидентите и нерегуларностите. Реприза на емисијата беше емитувана на 21 октомври.

Првиот круг на локалните избори, беше тема и во емисијата „Во центар" со Васко Ефтов, емитувана на 22 октомври. Во емисијата се користеа изјави на: Џабир Дерала (НВО Цивил), Митко Чавков (ВМРО ДПМНЕ), Бранко Црвенковски (поранешен претседател на Р.М), Љупчо Палевски (бизнисмен), Страшо Ангеловски (МААК), Југослав Петрушиќ (агент), Александар Михајловски и Александар Коневски (иницијатива за реформи во ВМРО ДПМНЕ), Стефан Влахов Мицов (историчар), Срѓан Поповиќ (НВО Канвас), Слободан Близнаковски (ВМРО НП). Во емисијата беа вклучени и инсерти со изјави од Никола Груевски, Зоран Заев и Љубчо Георгиевски.

На 18 октомври беше репризирана емисијата „Несомнено" со Катерина Гетева, премиерно емитувана претходниот ден. Теми на емисијата беа: „Изборите и решавањето на изборните нерегуларности", „Трговија со луѓе и најновата кампања за спречување на трговијата со луѓе" и „Законот за следење на комуникации".

На 24 октомври беше емитувано ново издание на емисијата „Несомнено". Прва тема во емисијата беше - „Заведување на малолетни лица преку интернет, педофилите демнат", а втора тема: „ЕСЗ Тигар по светски калибар и како полицијата треба да се однесува за време на избори". Соговорници на темите беа: Драги Змијанац (Меѓаши), Трпе Стојановски (универзитетски професор) и Оливер Спасовски (министер за внатрешни работи). Репризното издание беше емитувано на 25 октомври.

На 27 октомври, последниот ден од кампањата пред почетокот на изборниот молк во вториот круг од локалните избори, ТВ Алфа во терминот од 22 часот и 8 минути емитуваше специјализирана емисија посветена на Локалните избори 2017 – Отворено студио. Гости во емисијата беа Ненад Марковиќ (универзитетски професор), Миле Ристевски (новинар), Александар Даштевски (аналитичар). Претседателот на ДИК Александар Чичаковски, го откажал гостувањето во емисијата поради презафатеност.

*Интервју*

Во посебно издание на емисијата „Седмица" со Коле Чашуле на 21 октомври беше емитувано интервју со претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски. Тој одговараше на прашањата: „Што се случи на 15 октомври?" и „Ќе поднесе ли некој одговорност за изборниот пораз?". Претседателот на ВМРО ДПМНЕ ја обвини СДСМ за поткуп, заплашување и насилство, за изборни нерегуларности со поддршка од „странските фактори", како и за прислушкување на поширокото раководство на ВМРО ДПМНЕ.

*Други програми*

Забавно-информативната емисија „Алфа Скоп" премиерно се емитува секој работен ден со едно репризно издание наредниот ден. И во овој мониториран период, медиумот во рамките на емисијата емитуваше по неколку информативни блокови со селектирани прилози од изданијата на Вестите од претходниот ден или со прилози со актуелни настани кои потоа се дел од вестите во тековниот ден. Во последните четири дена од кампањата за вториот круг на локалните избори (од 24 до 28 октомври) во информативниот блок „Избори 2017", Телевизијата емитуваше интервјуа со кандидатите за градоначалници

од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, учесници во вториот круг на локалните избори, со забелешка дека кандидатите за градоначалници од Коалицијата предводена од СДСМ не одговориле или ја одбиле поканата да учествуваат во телевизиска дебата. Во овој период во информативниот блок на „Алфа Скоп" беа емитувани интервјуа со следниве градоначалнички кандидати од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ: Јохан Тарчуловски (за Кисела Вода), Тони Трајковски (за Гази Баба), Дарко Костовски (за Бутел) и со Илчо Захариев (за Штип).

Освен со кандидатите за градоначалници, во овој мониториран период, во емисијата „Алфа Скоп" беа емитувани и интервјуа со неколку истакнати претставници од ВМРО ДПМНЕ: Антонијо Милошоски, Влатко Ѓорчев, Емил Димитриев и Спиро Ристовски.

7. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 75 став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година (во последните 10 дена од изборната кампања во вториот круг од Локалните избори), не обезбеди непристрасно покривање на изборите во својата вкупна програма. ТВ Алфа беше фокусирана на известување за активностите, ставовите и реакциите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. За Коалицијата, во вестите беа одвоени вкупно 44 минути и 34 секунди (39 минути и 47 секунди активности од кампања и 4 минути и 47 секунди од други теми поврзани со избори), што е двојно повеќе од вкупното време за сите други учесници во кампањата за кои известуваше медиумот. Освен во вестите, телевизијата одвои забележливо повеќе простор за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и во другите информативни емисии. Иако од првиот круг на изборите беше јасно дека нема услови, за реализација на планираните дебати во информативниот блок „Избори 2017" во рамки на емисијата „Алфа Скоп" поради отсуство на кандидатите за градоначалници од Коалицијата предводена до СДСМ, медиумот продолжи наместо дебати да емитува интервјуа само со кандидатите за градоначалници од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Во овој извештаен период беа емитувани интервјуа со Јохан Тарчуловски, Тони Трајковски, Дарко Костовски и со Илчо Захариев. Освен ова беа емитувани и интервјуа со претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски и со Антонијо Милошоски, Влатко Ѓорчев, Емил Димитриев и Спиро Ристовски.

8. **Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03. 11. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4946 | 1 | |

11:50

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 3 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:

- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;

- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се десет изданија на вестите во 19 часот (Обсервер и Дневен бриф на Нова).

Телевизијата не обезбеди непристрасно покривање на изборите во својата вкупна програма. Во анализираните вести, ТВ Нова генерално беше сконцентрирана на известување за активностите, ставовите и реакциите од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ на која, во сите анализирани прилози од вестите, ѝ беа посветени вкупно 53 минути и 47 секунди. Сите други партии/коалиции за кои беше информирано во вестите, заедно имаат 26 минути и 24 секунди. Од петте интервјуа во вестите, четири беа реализирани со претставници на ВМРО ДПМНЕ (Влатко Ѓорчев, Антонио Милошоски, Никола Србов и Никола Груевски) односно за ставовите на оваа партија се емитувани директни обраќања во траење од 37 минути, што е за пет минути помалку од времето за директни обраќања на сите други субјекти заедно. Освен ова, и двете интервјуа во посебните информативни емисии се со претставници на ВМРО ДПМНЕ – со Михајло Маневски (премиера на 19 октомври, реприза на полноќ и следниот ден во 11 часот) и со Антонио Милошоски (премиера на 25 октомври, реприза на полноќ и следниот ден во 11 часот).

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 3 часа 17 минути и 9 секунди, кои според жанровското вообличување најчесто беа извештаи, потоа коментаторски извештаи, изјави, вести, коментари и осврти (7 минути и 10 секунди) и пет интервјуа од кои четири со претставници на ВМРО ДПМНЕ: Влатко Ѓорчев, Антонио Милошоски, Никола Србов (реализирани од ТВ Нова) и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски (извадок од интервјуто дадено за ТВ Алфа). Во вестите имаше и разговор со Миле Бошков од Бизнис конфедерација на Македонија.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:12:46 | 34,18 | % |
| Други субјекти | 00:02:39 | 7,10 | % |
| Претседател на РМ | 00:15:45 | 42,17 | % |
| Без субјекти | 00:01:25 | 3,79 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:28 | 6,60 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:48 | 4,82 | % |
| Судство | 00:00:30 | 1,34 | % |
| Вкупно за тема: | 00:37:21 | 100 | % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:19:01 | 71,99 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:12 | 12,11 | % |
| Судство | 00:00:56 | 3,53 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:16 | 8,58 | % |
| ТМРО | 00:01:00 | 3,79 | % |
| Вкупно за тема: | 00:26:25 | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:12 | 1,23 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:12 | 1,23 | % |
| Влада на РМ | 00:12:14 | 12,58 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:04 | 14,47 | % |
| Други субјекти | 00:14:48 | 15,22 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:03:45 | 3,86 | % |
| Беса | 00:02:23 | 2,45 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:55 | 1,97 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:32:44 | 33,66 | % |
| Судство | 00:01:15 | 1,29 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:23 | 6,56 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:33 | 1,59 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:56 | 0,96 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:53 | 0,91 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:53 | 0,91 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:04 | 1,10 | % |
| Вкупно за тема: | 01:37:14 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:10 | 10,93 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:18 | 25,19 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:17:51 | 61,59 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:40 | 2,30 | % |
| Вкупно за тема: | 00:28:59 | 100 | % |
| **Коментари/ставови** | | | |
| Вкупно за тема: | 00:07:10 | 100 | % |
| **Вкупно:** | **03:17:09** | | |

Помалку од половина час од времето во вестите беше посветено на прилози од средбите со граѓани и другите активности на четири партии/коалиции за вториот круг од изборите (Табела 1). Станува збор за Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата на СДСМ, ДУИ и Алијанса на Албанците. Ова време не е доволно за да се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, а во прилозите за овие настани имаше еднаков третман кон субјектите.

Во врска со изборите пошироко, се следеше работата на ДИК и на Управниот суд, во неколку прилози се разгледуваше коалицирањето меѓу партиите на Албанците во Македонија, а имаше и прилог за доаѓањето на Албанците од дијаспората во Македонија за да гласаат во вториот круг.

Меѓутоа, Телевизијата покажа пристрасност во известувањето во вестите. Имено, таа генерално беше сконцентрирана на известување за активностите, ставовите и реакциите од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (со повремено одговори од СДСМ). Оттаму, на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ, во сите анализирани прилози од вестите, ѝ беа посветени 53 минути и 47 секунди (17 минути и 51 секунда извештаи за активности од кампањата, 3 минути и 12 секунди со реакции во прилозите за работата на ДИК и Управниот суд, како и 32 минути и 44 секунди во другите теми поврзани со изборите). Сите други партии/коалиции за кои беше информирано во вестите, заедно имаат 26 минути и 24 секунди. Во времето за ВМРО ДПМНЕ се вклучени и четири интервјуа со нејзини претставници (кои вкупно траат 26 минути и 36 секунди), при што за оценките на партијата за првиот круг од изборите и за други актуелни теми поврзани со изборите, новинари на ТВ Нова разговараа со Влатко Ѓорчев (17 минути и 7 секунди), со Антонио Милошоски (4 минути и 24 секунди) и со Никола Србов (2 минути и 26 секунди), а беше емитуван и извадок од интервјуто на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски дадено за ТВ Алфа (2 минути и 39 секунди). Како што покажува евиденцијата на директните обраќања (Табела 2) во вестите беа емитувани изјави од претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во траење од 37 минути, што е безмалку половина од вкупното време за директни обраќања, односно за пет минути помалку од времето што го добиле изјавите на сите други субјекти во вестите заедно.

Телевизијата и во овој извештаен период инсистираше на известување за инциденти во изборниот процес. Така, при информирањето за крајот на првиот круг од гласањето оцени дека изборите ги следеле неправилности и инциденти наведувајќи дека бил избегнат инцидент во Шуто Оризари меѓу двајцата кандидати за градоначалници, а бил нападнат Стефчо Јакимовски од ГРОМ; имаше прилог за тврдењето на брачен пар од Демир Капија, дека активисти од СДСМ им се заканувале со пиштол зашто градоначалничкиот кандидат од ВМРО ДПМНЕ им бил на кафе, а МВР не презела ништо; прилог во кој ВМРО ДПМНЕ и Алијанса на Албанците обвинуваа дека МВР не прави ништо во врска со наводи за притисоци врз гласачите со потсетување на инцидентите со Елвис Бајрам од Сојузот на Ромите и Стефчо Јакимовски од ГРОМ, а темата за проблематичноста на изборите се повторуваше во четирите интервјуа со претставниците на ВМРО ДПМНЕ.

*Табела 2 – Структура за директни обраќања*

| ТВ НОВА | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| ДИК и други органи | 00:05:03 | 6,39 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:37 | 0,78 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:22 | 0,46 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:37:00 | 46,84 % |
| Влада на РМ | 00:05:38 | 7,13 % |
| Други субјекти | 00:11:17 | 14,28 % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:21 | 1,71 % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:19 | 0,40 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:04:52 | 6,16 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:22 | 0,46 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:37 | 7,11 % |
| Граѓански сектор | 00:00:39 | 0,82 % |
| Претседател на РМ | 00:03:54 | 4,94 % |

| | | |
|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:09 | 1,46 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:50 | 1,05 % |
| | **Вкупно: 01:19:00** | **100 %** |

Од почетокот на мониторингот, ТВ Нова континуирано се осврнуваше на односите на Македонија со соседите. Во овој извештаен период, следењето на оваа тема продолжи преку дел од интервју на бугарскиот историчар Божидар Димитров насловено: „Димитров за 24 часа: Таканаречените Македонци му поверуваа на Заев" 2 минути и 25 секунди); потоа преку прилози со различни ставови на експерти околу тоа како може да се одвиваат билатералните односи, коментаторски извештај „Нема влез во НАТО со привремена референца"(1 минута и 41 секунда) за изјавата на Дора Бакојани, членка на Неа Демократија и поранешна министерка за надворешни работи на Грција во однос на членството на Македонија во НАТО под привремената референца и потсетување на најавата од Владата оти Македонија ќе стане 30 членка на Алијансата и дека по локалните избори ќе почнат поинтензивни преговори за разликите околу името.

Коментар на новинарот на ТВ Нова Христо Ивановски за тоа како изборните резултати ќе се одразат на преговорите со Грција за името, имаше во „'Катимерини': Резултатите од изборите ќе ги забрзаат преговорите за името" (5 минути и 29 секунди); а во коментарот „МНР го затвора институтот за геостратешки истражувања и надворешна политика?" (1 минута и 41 секунда) се вели: „Дали на повидок е гаф од големи размери на надворешен политички план? По договорот со Софија кој наиде на издржана критика од стручната и пошироката јавност, извори за ТВ Нова велат дека е откажан голем меѓународен настан чиј домаќин треба да биде Македонија. Освен тоа, се шпекулира дека во МНР се врши голема хајка против неистомисleниците на новата гарнитура, а како прва жртва на промените се споменува Институтот за геостратешки истражувања".

*<u>Посебни информативни емисии</u>*

*<u>Интервјуа</u>*

Во периодот од 18 до 27 октомври ТВ Нова ги емитуваше следниве интервјуа:

- *„Правниот систем и изборите"*, интервју со Михајло Маневски – член на ВМРО ДПМНЕ и поранешен министер за правда (премиера на 19 октомври, реприза на полноќ и следниот ден во 11 часот);
- *„Лидерска во Париз за договор со Грција?"*, интервју со Антонио Милошоски – член на ИК на ВМРО ДПМНЕ (премиера на 25 октомври, реприза на полноќ и следниот ден во 11 часот).

*<u>Актуелно информативни емисии</u>*

На 19 октомври, ТВ Нова во текот на целиот ден, преку директни вклучувања известуваше од просториите на Државната изборна комисија, каде што членовите ги разгледуваа и одлучуваа по приговорите за првиот изборен круг од локалните избори.

На 23 октомври, во редовниот термин за емитување на емисијата *Отворено студио*, беше емитувана репортажа на новинарот Наум Стоилковски од Музејот на македонската револуционерна борба. Реприза беше емитувана на 24 октомври во 11 часот и 20 минути.

Од 18 до 27 октомври, емитувани беа седум изданија на актуелно-информативната програма *„Бумбар“*, изведена како контактна емисија со директни телефонски јавувања и комуникација преку социјалната мрежа Фејсбук. Согласно концептот на емисијата, гледачите гласаат со бел или црн бумбар на две зададени теми, зависно од тоа дали имаат позитивен или негативен став за нив. Премиерното издание на емисијата Бумбар е во 18 часот, од понеделник до петок, со една редовна реприза околу 3 часот по полноќ. Темите, за кои граѓаните можеа да го искажат својот став во текот на вториот круг од кампањата, беа:

- *„ВМРО ДПМНЕ бара амнестија за учеството во инцидентите од 27 април“, „Божидар Димитров: т.н. Македонци му поверуваа на Заев“* (премиера на 18 октомври, реприза на 19 октомври);
- *„ДИК ги одби сите приговори за изборите“, „ВМРО ДПМНЕ бара референдум за договорот со Бугарија“* (премиера на 20 октомври, реприза на 21 октомври);
- *„Груевски: Во Македонија се спроведоа криминални избори“, „Заев: Продолжуваме со ДУИ, отворени сме за соработка со сите“* (премиера на 23 октомври, реприза на 24 октомври);
- *„Управен суд: Ги отфрли тужбите за изборите“, „Нов закон – пушење насекаде освен во кафеаните“* (премиера на 24 октомври, реприза на 25 октомври);
- *„Премиерот Заев најави зголемување на давачките“, „Заев – Пацоли: Ќе се интензивира соработката со Косово“* (премиера на 25 октомври, реприза на 26 октомври);
- *„Се подготвува нова лидерска средба во Париз“, „Анѓушев: Промената на даноците нема да биде на штета на граѓаните“* (премиера на 26 октомври, реприза на 27 октомври);
- *„Ќе се уриваат Александар, Филип и Портата Македонија“, „Павлопулос: Македонија била, е и ќе остане грчка“* (премиера на 27 октомври).

*Дебати*

Во периодот од 18 до 27 октомври, ТВ Нова продолжи да ја емитува дебатната емисија *Отворено студио* во редовниот термин во 20 часот и 30 минути. За време на овој извештаен период, медиумот се одлучи да не спроведува повеќе дебати со кандидати за градоначалници кои учествуваа во вториот круг на локалните избори туку во студиото на ТВ Нова дебатираа повеќе аналитичари и експерти.

- Во *Отворено студио* на тема *„Што покажа првиот круг од изборите?“* гости беа политичкиот аналитичар Сотир Костов и поранешната пратеничка Солза Грчева (премиера на 18 октомври, реприза на полноќ истиот ден и на 21 октомври);
- *„Меѓу двата круга и како натаму?“*, дебата во *Отворено студио* со аналитичарите Жидас Даскаловски и Петар Арсовски (премиера на 20 октомври, реприза на полноќ истиот ден и на 21 и 23 октомври);
- *„Европа ќе се интегрира или ќе се распаѓа?“*, дебата во студиото со Љупчо Петковски – извршен директор на Евротинк и Антони Пешев – стопанственик и претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија (премиера на 24 октомври, реприза на полноќ истиот ден и на 25 октомври);
- *„Дојде ли слободата во медиумите?“*, дебата во *Отворено студио* на ТВ Нова со претседателот на ЗНМ Насер Селмани и Виктор Грозданов експерт за медиуми (премиера на 27 октомври).

*Други програми*

На 25 октомври, во 4 часот по полноќ, емитуван беше документарен филм со наслов „Македонија 2012“ во продукција на МРТВ. Преку интервјуа со тогашни владини претставници и градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ, универзитетски професори и снимени видео инсерти од некои позначајни

случувања, документарниот филм направи ретроспектива на настаните од политиката, спортот и културата што ја одбележале 2012 година.

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 75 став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година (во вториот круг од изборната кампања), не обезбеди непристрасно покривање на изборите во својата вкупна програма. Во анализираните вести, ТВ Нова генерално беше сконцентрирана на известување за активностите, ставовите и реакциите од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ на која, во сите анализирани прилози од вестите, ѝ беа посветени вкупно 53 минути и 47 секунди. Сите други партии/коалиции за кои беше информирано во вестите, заедно имаат 26 минути и 24 секунди. Од петте интервјуа во вестите, четири беа реализирани со претставници на ВМРО ДПМНЕ (Влатко Ѓорчев, Антонио Милошоски, Никола Србов и Никола Груевски) односно за ставовите на оваа партија се емитувани директни обраќања во траење од 37 минути, што е за пет минути помалку од времето за директни обраќања на сите други субјекти заедно. Освен ова, и двете интервјуа во посебните информативни емисии се со претставници на ВМРО ДПМНЕ – со Михајло Маневски (премиера на 19 октомври, реприза на полноќ и следниот ден во 11 часот) и со Антонио Милошоски (премиера на 25 октомври, реприза на полноќ и следниот ден во 11 часот).

**8. Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03.11.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4947 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:

- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - (МРТ1), емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МРТ1, а од дневно-информативните емисии анализирани се девет изданија на Дневникот 2 во 19 часот и 30 минути (на 18 октомври вестите беа скратени, а на 19 октомври не беа емитувани поради спортски настани).

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 3 часа 11 минути и 18 секунди, кои по жанр најчесто беа извештаи, изјави, вести, соопштенија.

Распоредот на времето во прилозите, неминовно го одразува фактот што, во вториот круг од Локалните избори 2017 година, во кој се гласаше во 35 општини, граѓаните имаа можност да бираат меѓу кандидати на двете големи коалиции предводени од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ, потоа СДСМ ги поддржа кандидатите на ДУИ, а коалициска поддршка имаше и меѓу Алијанса на Албанците и Беса. Имено, во десетте дена од

мониторингот на кампањата за вториот круг од изборите, како што покажува Табела 1, беше невозможно МРТ1 до крај да се придржува до законските обврски за распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања во дневно-информативните емисии според принципот 30%+30%+30%+10%, а притоа да не отстапи од својата функција на јавен сервис кој треба пред сѐ да ги информира граѓаните за сите актуелни настани во земјата и светот. Процентот за активностите од кампањите на политичките партии на власта изнесува 26,65%, а за активностите од кампањите на политичките партии во опозиција - 26,16%, меѓутоа, за да ја постигне оваа рамнотежа, МРТ1 мораше вештачки и спротивно на правилата на новинарското известување, во оние случаи кога имаше заеднички настани на владејачката Алијанса на Албанците и опозициската Беса, известувањето да го дели во посебни прилози кои потоа влегуваа во различните сегменти од вестите. Освен тоа, бидејќи имаше еден кандидат од вонпарламентарна партија (НДМ) и двајца независни кандидати, кои имаа мал интензитет на активности, во вестите не се издвоени 10% за оваа група кандидати. Времето за дневните настани од земјата и светот е поголемо и изнесува 47,19%.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:28:28 | 55,84 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:14:19 | 28,08 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:08:12 | 16,08 | % |
| Вкупно за тема: | 00:50:59 | 100 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:30:14 | 60,41 | % |
| Беса | 00:13:26 | 26,84 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:23 | 12,75 | % |
| Вкупно за тема: | 00:50:03 | 100 | % |
| Дневни настани од земјата и светот | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:01 | 9,99 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:04 | 6,72 | % |
| Судство | 00:04:12 | 4,65 | % |
| Влада на РМ | 00:09:31 | 10,54 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:57 | 5,48 | % |
| Други субјекти | 00:10:25 | 11,54 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:16 | 4,73 | % |
| Вести од светот | 00:26:45 | 29,63 | % |
| ТМРО | 00:00:57 | 1,05 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:51 | 0,94 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:51 | 0,94 | % |
| Беса | 00:00:51 | 0,94 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:32 | 0,59 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:28 | 0,52 | % |
| Без субјекти | 00:01:27 | 1,61 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:22 | 4,84 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:24 | 3,77 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Народно движење за Македонија | 00:00:40 | 0,74 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:06 | 0,11 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:06 | 0,11 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:30 | 0,55 | % |
| | Вкупно за тема: 01:30:16 | 100 | % |

**Вкупно: 03:11:18**

Поделбата на времето меѓу коалициите/партиите во поединечните делови од вестите е соодветна на бројот на потврдените листи со кандидати за градоначалници. Во прилозите од собирите и средбите со граѓаните, сите субјекти беа третирани еднакво. Во прилог на ова оди и поделбата на времето за директни обраќања (Табела 2) каде е отсликан и фактот дека опозициската ВМРО ДПМНЕ имаше повеќе приговори за текот и реализацијата на првиот круг од гласањето и за текот на вториот круг од кампањата.

*Табела 2 – Структура за директни обраќања*

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:01:52 | 2,53 | % |
| ТМРО | 00:00:19 | 0,43 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:18:18 | 24,84 | % |
| Беса | 00:08:07 | 11,02 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:10 | 11,09 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:27 | 8,76 | % |
| Други субјекти | 00:04:04 | 5,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:44 | 2,35 | % |
| Влада на РМ | 00:03:46 | 5,11 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:16 | 1,72 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:12:01 | 16,31 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:27 | 1,97 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:21 | 5,90 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:24 | 1,90 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:06 | 0,14 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:18 | 0,41 | % |
| | **Вкупно: 01:13:40** | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Со мониторингот реализиран во периодот од 18 до 27 октомври, врз програмата на Првиот телевизиски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје - МРТ1, во вториот круг на изборната кампања, беа регистрирани пет дебатни емисии на тема „Локални избори 2017". Тие, согласно Правилата за медиумско покривање на „Локалните избори 2017" беа достапни за лица со оштетен слух. Станува збор за следниве емисии:

- Во емисијата на 23 октомври, со почеток во 22 часот, со својата изборна програма се претставија кандидатите за градоначалници на Општина Бутел, Дарко Костовски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Велимир Смилевски од Коалицијата предводена од СДСМ. Емисијата беше репризирана на 24 октомври, од 15 часот и 18 минути.
- На 24 октомври, по 20 часот, премиерно беше емитувана дебатата со кандидатите за градоначалници за Општина Кавадарци, Митко Јанчев од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Бетиане Китев од Коалицијата предводена од СДСМ, која повторно се емитуваше во текот на следниот ден, 25 октомври, во терминот од 15 часот и 24 минути.
- На 25 октомври, во емисијата беа претставени кандидатите за градоначалници на општина Гази Баба. На прашања поврзани со локалната самоуправа, одговараа кандидатите Борис Георгиевски од Коалицијата предводена од СДСМ и Тони Трајковски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. На 26 октомври, во попладневните часови имаше репризно издание на дебатата.
- На 26 октомври, присуствуваше само еден од двајцата кандидати за градоначалници на општина Штип. Имено, Илчо Захариев од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ ја одбил поканата да гостува на дебатата реализирана на МТВ, а со својата програма за општината се претстави Благој Бочварски од Коалицијата предводена од СДСМ. Емисијата имаше репризно издание на 27 октомври во 15 часот и 44 минути.
- На 27 октомври, во последната дебатна емисија со наслов „Локални избори 2017" пред почетокот на изборниот молк, се претставија кандидатите за градоначалници на општина Кисела Вода од двете најголеми коалиции. Во студиото на МРТ1 присуствуваа Јохан Тарчуловски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Филип Темелковски од Коалицијата предводена од СДСМ.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03.11.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4948 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) Програма на албански јазик;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Програмата на албански јазик на Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - (МРТ2), емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на албански јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше Програмата на албански јазик на МРТ2, а од дневно-информативните емисии, анализирани се десет изданија на Дневникот на албански јазик во 18:30 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, вкупниот обем анализирани прилози изнесува 3 часа и 42 минути. Жанровски најприсутни се извештаите, а потоа и изјавите, вестите, соопштенијата.

Статистичкиот приказ на распоредот на времето во прилозите (Табела 1) покажува дека МРТ2 Програма на албански јазик, во вториот круг од кампањата не можеше доследно да се придржува до законските обврски за структурата на дневно-информативните емисии, односно до распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања според принципот 30%+30%+30%+10%, што е резултат на фактичката состојба со бројот на потврдени листи со кандидати за градоначалници, интензитетот на кампањите на различните учесници во вториот круг од изборите, како и коалиционирањето и заемната поддршка меѓу нив. Имено, коалициите предводени од СДСМ, односно од ВМРО ДПМНЕ и во вториот круг имаа најмногу кандидати, но СДСМ, исто така, ги поддржа и кандидатите на ДУИ, коалиција за поддршка имаше и меѓу Алијанса на Албанците (партија од власта) и Беса (партија од опозицијата), а од вонпарламентарните субјекти - имаше еден кандидат од партија - НДМ и двајца независни кандидати.

Програмата на албански јазик на МРТ2 успеа да обезбеди рамноправна распределба на времето во деловите за партиите од власта и од опозицијата, односно активностите од кампањите на политичките партии на власт се присутни со 24,41% од вестите, а активностите од кампањите на политичките партии во опозиција со 23,57%. За да го постигне ова, во неколку наврати, наместо да се раководи од принципите на новинарската работа и да обезбеди една целовита информација од заеднички настан на Алијанса на Албанците и Беса, редакцијата мораше, за да го задоволи законското барање, за истиот настан да извести преку два одвоени прилози за потоа - едниот да оди во сегментот со вестите за власта, а другиот за опозицијата. Исто така, немаше прилози за активностите од кампањите на политичките партии кои не се во

Собранието, зашто тие имаа мал интензитет на активности. Дневните настани од земјата и светот сочинуваат 52,02% од вестите, зашто МРТ2, како јавен сервис, мора да ја почитува и својата примарна обврска да ги информира граѓаните за актуелностите од земјата и светот. Инаку, времето меѓу партиите/коалициите од власта и опозицијата во поединечните сегментите е поделено соодветно, при што се следи практиката за инверзна застапеност на политичките субјекти во однос на МРТ1, односно имајќи ја предвид својата целна публика, МРТ2 повеќе време им отстапи на партиите на Албанците во Македонија.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | | | |
| Алијанса на Албанците | 00:09:30 | 17,53 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:17:07 | 31,58 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:27:35 | 50,89 | % |
| Вкупно за тема: | 00:54:12 | 100 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:17:24 | 33,26 | % |
| Беса | 00:26:35 | 50,81 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:08:20 | 15,93 | % |
| Вкупно за тема: | 00:52:19 | 100 | % |
| Дневни настани од земјата и светот | | | |
| Вести од светот | 00:24:41 | 21,37 | % |
| Влада на РМ | 00:18:01 | 15,60 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:58 | 6,90 | % |
| Судство | 00:12:11 | 10,55 | % |
| Други субјекти | 00:14:32 | 12,58 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:31 | 3,05 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:46 | 0,66 | % |
| ДИК и други органи | 00:11:50 | 10,25 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:52 | 0,75 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:43 | 2,35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:23 | 3,80 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:21 | 2,90 | % |
| Без субјекти | 00:00:52 | 0,75 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:09 | 1,00 | % |
| Беса | 00:01:09 | 1,00 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:04 | 2,66 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:14 | 1,93 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:53 | 0,76 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:19 | 1,14 | % |
| Вкупно за тема: | 01:55:29 | 100 | % |
| **Вкупно:** | **03:42:00** | | |

Квалитативно, сите учесници во кампањата за кои се известуваше беа третирани еднакво, што го потврдува и распоредот на директните обраќања, при кој повторно времето меѓу субјектите е распределено инверзно во однос на МРТ1 (Табела 2).

*Табела 2 – Структура за директни обраќања*

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:04:43 | 6,07 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:41 | 4,74 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:30 | 1,93 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:26 | 0,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:00 | 1,29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:06 | 2,70 | % |
| Влада на РМ | 00:03:07 | 4,01 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:23 | 0,49 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:30 | 7,08 | % |
| Беса | 00:15:23 | 19,79 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:14:29 | 18,64 | % |
| Судство | 00:00:24 | 0,51 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:10:01 | 12,89 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:20 | 12,01 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:06 | 6,56 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:34 | 0,73 | % |
| | **Вкупно: 01:17:43** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Во вториот круг од кампањата за Локалните избори 2017 година, односно во периодот од 18 до 27 октомври, Вториот програмски сервис на Македонската радиотелевизија – МРТ 2 Програма на албански јазик ги емитуваше следниве дебатни емисии:

- На 18 и на 21 октомври имаше реприризи од Дебатната емисија „Аргумент“ (премиерно прикажана на 17.10.2017) во која гостуваа Ибрахим Мехмети (аналитичар), Фати Исени (универзитетски професор) и Илир Љума (аналитичар), кои дебатираа за тоа „Какви резултати имавме од првиот круг и што ќе се случи на вториот круг од изборите?“;
- На 24 октомври имаше ново издание на дебатна емисија „Аргумент“ во која за Локалните избори, од аспект на кампањата во вториот круг, новата коалиција итн. зборуваа: Илми Селами – ДУИ, Адмирим Халити – Беса и Шефик Дураку – Алијанса на Албанците. Реприза од оваа емисија имаше на 25 и на 27 октомври.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 03.11.2017
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4949 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Трет програмски сервис (МРАЗ-Програма на албански јазик);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Програмата на албански јазик на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Трет програмски сервис, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на МРАЗ – Програма на албански јазик, а од дневно-информативните емисии анализирани се само централните вести емитувани на албански јазик во 16:00 часот (Дневник).

*Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период од 18 до 27 октомври 2017 година, вкупниот обем на анализирани прилози во Дневникот од 16.00 часот изнесува 3 часа 29 минути и 13 секунди. Во презентирањето на информациите се застапени информативните жанрови, вест, вест во низа и извештај.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| Македонско радио - Програма на албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:05 | 16,43 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:10 | 27,53 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:31 | 56,04 | % |
| Вкупно за тема: | 00:18:46 | 100 | % |

| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | | | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:04:29 | 53,16 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:49 | 33,40 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:08 | 13,44 | % |
| Вкупно за тема: | 00:08:26 | 100 | % |

| Дневни настани од земјата и светот | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:30:25 | 16,71 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:51 | 0,47 | % |
| Судство | 00:09:12 | 5,05 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:26 | 5,18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:30 | 1,92 | % |
| Други субјекти | 00:31:30 | 17,31 | % |
| Вести од светот | 00:43:50 | 24,08 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:45 | 0,41 | % |
| ДИК и други органи | 00:17:03 | 9,37 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:52 | 0,48 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:56 | 6,01 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:39 | 0,36 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:36 | 4,18 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:22 | 0,75 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:12 | 1,21 | % |
| Беса | 00:01:52 | 1,03 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:36 | 1,43 | % |
| Без субјекти | 00:05:54 | 3,24 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:36 | 0,33 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:54 | 0,49 | % |
| Вкупно за тема: | 03:02:01 | 100 | % |

**Вкупно: 03:29:13**

Одредбите од Изборниот законик кои се однесуваат на структурата на дневно-информативните програми за време на изборна кампања на Јавниот радиодифузен сервис, утврдени во член 76-а, важат и за известувањето и во вториот круг од изборната кампања. Согласно тие правила структурата на вестите, како и во деновите од изборната кампања за првиот круг од изборите, треба да биде – 30%+30%+30%+10%, што подразбира 30% од времето на вестите да бидат одвоени за информации поврзани со дневните настани од земјата и светот, по 30% од времето на вестите да бидат одвоени за изборните активности на политичките партии на власт и парламентарните опозициски партии и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се дел од Собранието на РМ. Во вкупното време на вестите од кои се пресметува структурата 30%+30%+30%+10%, не влегуваат спортските вести, временската прогноза, генералната најава на вестите и шпиците емитувани во рамки на вестите.

Имајќи предвид дека во вториот круг се гласаше во 35 општини за избор на градоначалник, што значи дека во однос на изборната кампања од првиот круг од гласањето, бројот на општините кадешто се гласаше беше за повеќе од половина намален, а со тоа и кампањите на политичките субјекти по интензитет не беа на нивото од изборната кампања во првите 19 дена, за очекување беше дека пропишаната структура (30%+30%+30%+10%) многу потешко може да се оствари во текот на кампањата од вториот изборен круг. Таа тешко беше остварлива и во текот на кампањата од првиот изборен круг, пред се поради малиот интензитет

на кампања на вонпарламентарните политички субјекти и независните кандидати за градоначалници. Дополнително, политичките субјекти своите изборни активности за вториот круг од локалните избори, со намален интензитет, ги започнаа по 20 октомври. Првите неколку дена од извештајниот период беа исклучиво посветени на прилози поврзани со дневните настани од земјата и светот. Оттука, во овој десетдневен извештаен период обемот на информации за случувањата во земјата и светот доминира во анализираните прилози на Програмата на албански јазик при Македонското радио, а за сметка на тоа застапеноста на прилозите за активностите на политичките субјекти на власт и тие што се дел од собраниската опозиција не се во рамки на пропишаната структура од по 30%.

Процентуално искажана, структурата на 10-те изданија вести емитувани во периодот од 18 до 27 октомври, е следна: 87% (3 часа 2 минути и 1 секунда) од анализираните прилози се однесуваат на дневните настани од земјата и светот, 8.97% (18 минути и 46 секунди) за активностите поврзани со кампањите на политичките партии на власт и 4.03% (8 минути и 26 секунди) за активностите околу кампањите на политичките партии во опозиција. За активностите на политичките субјекти коишто не се застапени во Собранието на РМ и за независните кандидати за градоначалници, коишто и немаа кампањи со позначаен интензитет, не се емитувани прилози во анализираните вести.

Согласно интерните правила на Јавниот сервис, според кои дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес во вестите на овој сервис, ќе биде инверзна на дистрибуцијата на времето во вестите на Првиот радио-програмски сервис на МРТ, имајќи предвид дека сервисот е наменет за задоволување на информативните потреби на етничките заедници што живеат во Р.М., не изненадува поголемата временска застапеност на прилозите посветени на политичките субјекти од албанскиот политички блок, во и онака малиот обем информации поврзани со активностите на партиите.

Гледајќи ги структурите поврзани со активностите на партиите околу кампањите, може да се констатира дека за активностите на политичките партии на власт е одвоено повеќе време во однос на активностите на политичките партии во опозиција, а во таа насока и за ДУИ е одвоен нешто поголем простор во однос на другите партии.

Но, доколку работите се погледнат од аспект на коалицирањата што партиите од албанскиот политички блок ги направија пред почетокот на кампањата за вториот круг од изборите, тогаш условно прилозите за активностите на политичките партии на власт и за активностите за кампањите на политичките партии во опозиција временски ќе бидат идентични, по 13 минути и 36 секунди. Со оглед на тоа дека Алијансата на Албанците (партија која е дел од Владата) во вториот круг, на локално ниво, коалицираше со Беса (опозициска парламентарна партија) со цел да се спротистават на кандидатите за градоначалници на ДУИ, тогаш времето од Алијансата (со 5 кандидати за градоначалници) условно може да се придодаде на времето на Беса (со 7 кандидати за градоначалници) и на таков начин овие две структури активности (за партиите на власт и за собраниската опозиција) би биле временски идентични. Во таков случај тие и временски би се доближиле до времето одвоено за ДУИ, со оглед на тоа дека двете партии (Алијанса на Албанците и Беса) и на митинзите настапуваа заеднички, давајќи си взаемна поддршка.

Времето за „дневните настани од земјата и од светот“ е посветено на сите други прилози кои се дел од вестите, со исклучок на спортските вести и временската прогноза, а кои говорат за актуелните општествено-политички, економски и културни случувања во земјата (редовни активности на Владата, судството и другите јавни институции, активностите на ДИК поврзани со изборниот процес и др.), како и за вестите кои се однесуваат на светските случувања.

*<u>Табела 2 – Структура на директни обраќања</u>*

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:01:24 | 3,83 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:41 | 7,34 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:02:49 | 7,71 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:40 | 20,99 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:47 | 13,09 | % |
| Други субјекти | 00:10:22 | 28,38 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:27 | 1,23 | % |
| Влада на РМ | 00:02:52 | 7,85 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:40 | 1,82 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:44 | 2,01 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:06 | 5,75 | % |
| | **Вкупно: 00:36:32** | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

На 24 и 25 октомври, во рамки на емисијата „Отворен микрофон", беа емитувани разговори со Азис Положани, ректор на Универзитетот „Мајка Тереза", во врска со работата на оваа високообразовна институција, и со професорот на ФОН Сами Бислими, во врска со Извештајот на Светска банка за регионот.

Двата разговора се репризирани уште по еднаш.

*Дебати*

На 20 октомври, во емисијата „Отворен микрофон", тонски е пренесена дебатата емитувана на програмата на Македонската телевизија – Програма на албански јазик во емисијата „Аргумент", премиерно емитувана на 17 октомври, во којашто гостуваа политичките аналитичари Ибрахим Мехмети, Фати Исени и Илир Љума. Истиот ден, вечерта, дебатата беше репризирана.

На 27 октомври во „Отворен микрофон" од Програмата на албански јазик при Македонската телевизија, беше репризирана уште една дебатна емисија „Аргумент", емитувана премиерно на МРТ 2 на 24 октомври. Гости беа Илми Селами од ДУИ, Адмирим Халити од Беса и Шефик Дураку од Алијанса на Албанците. И оваа дебата беше репризирана во вечерните часови на Програмата на албански јазик при Македонското радио.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03-11-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4950 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Прв програмски сервис (МРА1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

- **Член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик**

(2) За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија.

(3) Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување.

(11) Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз Првиот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио (МРА1), емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања на член 75 ставови 1 и 2 и на член 76-а ставови 2, 3 и 11 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор во кампањата од вториот круг за локалните избори беше вкупно емитуваната програма на Првиот програмски сервис на Македонското радио, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 15:30 часот (Пладневен радиовесник).

*Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот извештаен период од изборната кампања којшто се однесува на вториот круг од локалните избори, вкупното времетраење на анализираните прилози, во рамки на исто толку изданија од Пладневниот радиовесник, е 3 часа 52 минути и 14 секунди. Медиумот информациите ги пренесува користејќи ги информативните новинарски жанрови (вест, вест во низа, извештај) соопштенија.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:29:16 | 83,07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:58 | 16,93 | % |
| Вкупно за тема: | 00:35:14 | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:28:33 | 97,11 | % |
| Беса | 00:00:51 | 2,89 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно за тема: 00:29:24 | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:20 | 0,80 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:36 | 0,36 | % |
| Влада на РМ | 00:30:48 | 18,38 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:12:34 | 7,50 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:54 | 3,52 | % |
| Други субјекти | 00:24:58 | 14,90 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:29 | 6,85 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:23 | 5,00 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:52 | 0,52 | % |
| Вести од светот | 00:19:23 | 11,57 | % |
| Судство | 00:10:55 | 6,51 | % |
| ДИК и други органи | 00:17:42 | 10,56 | % |
| Без субјекти | 00:01:56 | 1,15 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:28 | 3,86 | % |
| АРМ | 00:02:26 | 1,45 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:11 | 1,30 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:47 | 1,66 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:38 | 1,57 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:15 | 1,34 | % |
| ТМРО | 00:00:42 | 0,42 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:44 | 0,44 | % |
| Либерална партија | 00:00:35 | 0,35 | % |
| | Вкупно за тема: 02:47:36 | 100 | % |

**Вкупно: 03:52:14**

Одредбите од Изборниот законик кои се однесуваат на структурата на дневно-информативните програми за време на изборна кампања на Јавниот радиодифузен сервис, утврдени во член 76-а, важат и за известувањето и во Вториот круг од изборната кампања. Согласно тие правила структурата на вестите, како и во деновите од изборната кампања за првиот круг од изборите, треба да биде – 30%+30%+30%+10%, што подразбира 30% од времето на вестите да бидат одвоени за информации поврзани со дневните настани од земјата и светот, по 30% од времето на вестите да бидат одвоени за изборните активности на политичките партии на власт и на парламентарните опозициски партии и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се дел од Собранието на РМ. Во вкупното време на вестите од кои се пресметува структурата 30%+30%+30%+10%, не влегуваат спортските вести, временската прогноза, генералната најава на вестите и шпиците емитувани во рамки на вестите.

Имајќи предвид дека во вториот круг се гласаше во 35 општини за избор на градоначалник, што значи дека во однос на изборната кампања од првиот круг од гласањето, бројот на општините кадешто се гласаше беше за повеќе од половина намален, а со тоа и кампањите на политичките субјекти по интензитет не беа на нивото од изборната кампања во првите 19 дена, за очекување е дека пропишаната структура (30%+30%+30%+10%) е многу потешко да се оствари во текот на кампањата од вториот изборен круг. Таа тешко беше остварлива и во текот на кампањата од првиот изборен круг, пред се поради малиот интензитет на кампања на вонпарламентарните политички субјекти и независните кандидати за градоначалници. Дополнително, политичките субјекти своите изборни активности за вториот круг од локалните избори, со

намален интензитет, ги започнаа по 20 октомври. Првите два дена од извештајниот период, 18 и 19 октомври, беа исклучиво посветени на прилози поврзани со дневните настани од земјата и светот. Оттука, во овој десетдневен извештаен период обемот на информации за случувањата во земјата и светот доминира во анализираните прилози на програмата на Првиот програмски сервис на Македонското радио, а за сметка на тоа застапеноста на прилозите за активностите на политичките субјекти на власт и тие што се дел од собраниската опозиција не се во рамки на пропишаната структура од по 30%.

Процентуално искажана, структурата на 10-те изданија вести емитувани во периодот од 18 до 27 октомври, е следна: 72.17% (2 часа 47 минути и 36 секунди) од анализираните прилози се однесуваат на дневните настани од земјата и светот, 15.17% (35 минути и 14 секунди) за активностите поврзани со кампањите на политичките партии на власт, и нешто помалку, или 12.66% (29 минути и 24 секунди) за активностите околу кампањите на политичките партии во опозиција. За активностите на политичките субјекти коишто не се застапени во Собранието на РМ (во ситуацијава Народно движење за Македонија со кандидат за градоначалник во една општина и двајца независни кандидати за градоначалници), коишто немаа кампањи со позначаен интензитет, не се емитувани прилози во анализираните вести на Првиот програмски сервис на Македонското радио.

Од активностите за кампањите на политичките партии на власт и во опозиција главно е известувано за двете Коалиции (едната предводена од СДСМ и втората од ВМРО ДПМНЕ) при што е одвоено речиси идентично време за нивните предизборни случувања. За Коалицијата предводена од СДСМ се одвоени 29 минути и 16 секунди од времето на анализираните прилози, а 28 минути и 33 секунди за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, коишто имаа и кандидати за градоначалници во поголем дел од општините каде се гласаше во втор круг, со меѓусебно приближно еднаков број на кандидати за градоначалници. За активностите на ДУИ, партија која е дел од власта, се одвоени 5 минути и 58 секунди, а за активностите на Беса, која е дел од опозициските партии застапени во Собранието на РМ, се емитувани само 51 секунда.

Времето за „дневните настани од земјата и од светот" е посветено на сите други прилози кои се дел од вестите, со исклучок на спортските вести и временската прогноза, а кои говорат за актуелните општествено-политички, економски и културни случувања во земјата (редовни активности на Владата, судството и другите јавни институции, активностите на ДИК поврзани со изборниот процес и др.), како и за вестите кои се однесуваат на светските случувања.

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Влада на РМ | 00:06:05 | 10,78 | % |
| Други субјекти | 00:03:33 | 6,29 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:53 | 3,34 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:19:23 | 34,36 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:08 | 7,33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:58 | 1,71 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:23 | 2,45 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:16:44 | 29,66 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:01 | 1,80 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:42 | 1,24 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:05 | 0,15 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:15 | 0,44 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:15 | 0,44 | % |
| **Вкупно:** | **00:56:25** | 100 | % |

Речиси две третини од времето одвоено за директи обраќања, како и во деветнаесетте дена од кампањата за првиот круг од изборите, се однесува на двете коалиции – едната предводена од ВМРО ДПМНЕ (19 минути и 23 секунди), втората од СДСМ (16 минути и 44 секунди). Според временската застапеност следуваат Влада на РМ (6 минути и 5 секунди), претставниците на граѓанскиот сектор (4 минути и 8 секунди), други субјекти (3 минути и 33 секунди) итн.

*Посебни информативни емисии*

На 23 октомври, во рамки на информативната емисија „Актуелно" што се емитува секој работен ден, е емитуван дел од говорот на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски, од прославата на празникот 23 октомври – Ден на македонската револуционерна борба, одржана во Штип.

Во рамките на истата информативната емисија, од 25 до 27 октомври, се емитувани неколку блокови бесплатно политичко претставување на кандидати за градоначалници од двете коалиции (СДСМ и ВМРО ДПМНЕ).

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03.11.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4951 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупноемитуваната програма на радиодифузерот, а од дневноинформативните емисии анализирани се вестите од 19 часот.

*Дневно-информативни емисии*

За анализа беше земено изданието на ТВ дневникот од 19 часот (на албански јазик), емитувано во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година. Констатација е дека ТВ Алсат М речиси воопшто не ги следеше формалните облици на изборната кампања (*занемарливи – 22 секунди; инаку, најчесто во оваа ставка влегуваат – митинзи / средби со граѓани и/или ветувања и промоција на социјални, еколошки и на економски проекти*) во општините каде што се одвиваше Вториот круг од Локалните избори, туку се посвети на постизборни анализи од Првиот круг, на експертски политиколошки анализи и прогнози за можните промени на постојната политичка сцена, како и на партиските реакции и очекувања околу демократичноста на изборниот процес, воопшто (*множеството на овие новинарски прилози е опфатено под ставката – „Други теми поврзани со изборите" – 40 минути и 32 секунди*). Потврда за ваквиот пристап се и изданијата на актуелно-информативните емисии емитувани во овој период, во кои наместо предизборни соочувања на градоначалнички кандидати, претежно гостуваа политиколози или други аналитичари на актуелни, општествено-политички теми и настани.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| | Траење | Процент |
| Активности на органите на власт | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:34 | 3,21 % |
| Без субјекти | 00:02:48 | 2,52 % |
| Влада на РМ | 00:33:32 | 30,22 % |
| Други субјекти | 00:05:07 | 4,61 % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:37 | 12,27 % |
| Јавно обвинителство | 00:12:50 | 11,57 % |
| Судство | 00:22:52 | 20,61 % |
| Граѓански сектор | 00:05:28 | 4,93 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:12 | 1,08 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:23 | 1,25 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:13 | 2,00 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:17 | 2,96 % |
| Претседател на РМ | 00:00:32 | 0,48 % |
| Левица | 00:00:25 | 0,38 % |
| ТМРО | 00:00:25 | 0,38 % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:25 | 0,38 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:39 | 0,59 % |
| Локална самоуправа | 00:00:39 | 0,59 % |
| | Вкупно за тема - 01:50:58 | 100 % |

| | | |
|---|---|---|
| **Активности на ДИК и други органи** | | |
| ДИК и други органи | 00:07:19 | 100,00 % |
| | Вкупно за тема - 00:07:19 | 100 % |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:30 | 18,50 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:49 | 9,42 % |
| Алијанса на Албанците | 00:04:51 | 11,97 % |
| Левица | 00:00:34 | 1,40 % |
| ТМРО | 00:00:34 | 1,40 % |
| Беса | 00:02:36 | 6,41 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:50 | 26,73 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:27 | 13,45 % |
| Влада на РМ | 00:03:41 | 9,09 % |
| Без субјекти | 00:00:40 | 1,64 % |
| | Вкупно за тема - 00:40:32 | 100 % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:11 | 50,00 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:11 | 50,00 % |
| | Вкупно за тема - 00:00:22 | 100 % |
| | **Вкупно - 02:39:11** | |

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Беса | 00:01:15 | 3,43 % |
| Алијанса на Албанците | 00:03:06 | 8,50 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:46 | 29,52 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:48 | 4,94 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:49 | 4,98 % |
| Судство | 00:00:53 | 2,42 % |
| Граѓански сектор | 00:01:32 | 4,20 % |
| ДИК и други органи | 00:01:39 | 4,52 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:08 | 8,59 % |
| Влада на РМ | 00:04:35 | 12,57 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:15 | 8,91 % |
| Други субјекти | 00:00:20 | 0,91 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:01 | 2,79 % |
| Собрание на РМ | 00:00:35 | 1,60 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:46 | 2,10 % |
| | **Вкупно - 00:36:28** | **100 %** |

*Посебни информативни емисии*

*Интервју*

На 25 октомври, во емисијата „Економски магазин", емитувано е интервју со Драган Тевдовски, министерот за финансии, а појдовна тема беа – реформските зафати на новата Влада, меѓу кои и - минималната плата, проекциите на државниот буџет за 2018 година, и претстојната даночна реформа.

*Дебати*

Како да се намали стапката на невработеност кај младите во Република Македонија, и проблемот со стручнообразовани кадри, тоа беа основните теми за дебатното издание на „Економскиот магазин" емитувано на 18 октомври, а учествуваа: Елена Милевска – Штрбевска, оперативна директорка во Стопанската комора, и Роза Арсовска, претставничка на Центарот за стручно образование и обука. Во изданието на емисијата „Патот кон..." од 19 октомври, за резултатите и за општествено-политичките ефекти од првиот круг на Локалните избори, полемизираа – универзитетските професори Фати Исени и Земри Елези, и дипломатот Мухамед Халили. Во истата емисија, на 26 октомври, гостуваа поранешниот парламентарец Имер Селмани, професорката Беса Кадриу и аналитичарот Илир Лума, а појдовната дебатна тема беше – можните резултати и последиците од (не)принципиелноста на коалициите меѓу СДСМ / ДУИ, и на Алијансата на Албанците и Беса.

*Актуелно-информативни програми*

Изданието на емисијата „360 степени", од 20 октомври, поделено беше на – получасовно интервју со Оливер Спасовски, министерот за внатрешни работи (на неколку теми: - *Дали МВР имало информации дека Груевски и Бошковски пребегнале во Грција? - Позната ли е заднината на тепачката во Бит Пазар меѓу навивачките групи? – Одлуката на СДСМ за соработка со ДУИ во вториот круг на Локалните избори? - Дали е можно ДПА да биде нов партнер во Владата?*), и на дебата меѓу аналитичарите Висар Адеми и Џелал Незири, за отворените дилеми околу резултатите и предвидувањата за вториот круг од Локалните избори. Изданието, пак, на истата емисија од 23 октомври, поделено е на четири основни теми, обработени преку интервјуа и политички репортажи: - интервју со Иво Вајгл, специјалниот известувач на ЕП за демократскиот прогрес на Република Македонија; - раздорот во ВМРО ДПМНЕ; - претстојните „изборни битки" за општините - Струга, Гостивар, Штип и Гази Баба; - урбанистичките неправилности на брегот од охридски Лагадин. На 27 октомври, пак, тема за „360 Степени" се можните измени во Законот за заштита од пушењето, а соговорници на новинарската екипа се - Марија Здравеска, пулмолог, Миша Поповиќ, политиколог од Институтот за демократија, Ивана Туфегџиќ, пратеничка предлагач на законските измени, и Крсто Блажевски, претседател на „ХОТАМ", здружение на македонски вршители на хотелско-угостителска дејност.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03. 11. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4952 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се десет изданија на централниот Дневник во 19:00 часот и осум изданија на Бизнис вестите емитувани веднаш после главните вести (се емитуваат секој работен ден).

*Дневно-информативни емисии*

Вкупното времетраење на анализираните прилози во централните и вестите од економијата, во десетдневниот извештаен период од вториот круг на изборите, е 3 часа 12 минути и 39 секунди, презентирани преку информативните жанрови (извештај, изјава, вест), соопштение.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Специјално обвинителство | 00:00:52 | 1,17 | % |
| Други субјекти | 00:05:57 | 8,02 | % |
| Судство | 00:09:22 | 12,63 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:21 | 3,17 | % |
| Влада на РМ | 00:32:56 | 44,39 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:24 | 14,02 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:56 | 5,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:25 | 3,26 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:42 | 2,29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:32 | 2,07 | % |
| Без субјекти | 00:02:44 | 3,68 | % |
| Вкупно за тема: | 01:14:11 | 100 | % |
| **Активности на ДИК и други органи** | | | |
| ДИК и други органи | 00:15:10 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:15:10 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:21:47 | 40,72 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:55 | 11,06 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:08 | 5,86 | % |
| Беса | 00:01:45 | 3,27 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:07:29 | 13,99 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:00 | 1,87 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:04:03 | 7,57 | % |
| ТМОРО | 00:00:09 | 0,28 | % |
| Влада на РМ | 00:01:11 | 2,21 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:34 | 1,06 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:37 | 1,15 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:49 | 5,26 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:01:01 | 1,90 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:46 | 1,43 | % |
| Судство | 00:00:46 | 1,43 | % |
| Без субјекти | 00:00:30 | 0,93 | % |
| | Вкупно за тема: 00:53:30 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:19:32 | 39,22 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:24:39 | 49,50 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:05 | 8,20 | % |
| Беса | 00:00:58 | 1,94 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:34 | 1,14 | % |
| | Вкупно за тема: 00:49:48 | 100 | % |

**Вкупно: 03:12:39**

Повеќе од една четвртина (49 минути и 48 секунди) од вкупното време на анализираните прилози медиумот посвети на активностите на учесниците во изборната кампања. Телевизијата во вториот круг од изборите информираше за настаните поврзани со изборните кампањи на пет од шестте парламентарни коалиции и партии коишто имаа свои кандидати за градоначалници во дополнителното гласање од 29 октомври. И во вториот круг од изборите, како и во првиот, акцентот беше ставен на информирањето од изборните активности на двете коалиции, едната предводена од СДСМ, а другата од ВМРО ДПМНЕ. Двете коалиции и во вториот круг од локалните избори влегоа со поединечно најголем број општини во коишто имаа свои кандидати за градоначалници (во однос на другите партии), а мегусебно гледано, со кандидати во приближно еднаков број на општини.

Од делот на табелата (1) што се однесува на активностите на учесниците во изборната кампања може да се забележи дека за кампањата на Коалицијата предводена од СДСМ е одвоено нешто повеќе време (24 минути и 39 секунди) наспроти известувањето од изборните активности на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (19 минути и 32 секунди), којашто имаше и помалку кандидати за градоначалници. Во времето за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ не е влезено времето што телевизијата го одвои за емитување на дел од интервјуто на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски (во траење од 10 минути и 27 секунди), дадено за ТВ Алфа, а коешто методолошки (во Табелата 1) е прикажано во други теми поврзани со избори, како дел од времето на Колицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

Медиумот информираше за теренските активности поврзани со изборите на ДУИ (4 минути и 5 секунди) и во по еден прилог за активностите на Беса и Алијанса на Албанците, но редовно информираше и за нивните други активности (партиски коалицирања, останување во владината коалиција на Алијансата), што методолошки и временски се прикажани во други теми поврзани со изборите – Алијанса на Албанците (7 минути и 29 секунди), ДУИ (3 минути и 8 секунди), Беса (1 минута и 45 секунди).

За активностите на органите на власт се одвоени повеќе од една третина (1 час 14 минути и 11 секунди) од вкупното време на анализираните прилози во десетдневниот извештаен период. Владата како субјект е

најзастапена поради известувањата за нејзините редовни активности (изјава на министерот за земјоделие во врска со новите аграрни политики, пресови на владиниот портпарол, активности на МВР, МНР и министерството за правда во врска со екстрадицијата на Горан Грујевски и Никола Бошкоски од Грција, владините активности во насока на стабилизирање на нивото на Охридското езеро, одбележување на Денот на револуционерната борба) итн.

*Табела 2 – Структура на директните обраќања*

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:03:26 | 4,10 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:15 | 3,88 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:32:33 | 38,85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:42 | 3,22 | % |
| Беса | 00:01:06 | 1,31 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:50 | 2,19 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:46 | 0,92 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:41 | 27,07 | % |
| Влада на РМ | 00:07:41 | 9,17 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:08 | 3,74 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:42 | 2,03 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:08 | 1,35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:49 | 2,17 | % |
| | **Вкупно: 01:23:47** | 100 | % |

На двете коалиции, едната предводена од ВМРО ДПМНЕ, а втората од СДСМ, временски им е одвоен најголем простор за директни обраќања во анализираните изданија вести на ТВ Сител. За Колицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ се одвоени 32 минути и 33 секунди, за Коалицијата на СДСМ 22 минути и 41 секунда, потоа следуваат претставниците на Владата со 7 минути и 41 секунда итн.

*Други програми*

Редовната рубрика за контакт со гледачите насловена *„На дневен ред“*, како дел од утринската програма „Ја сакам Македонија“, беше емитувана и во овој десетдневен извештаен период.

На 18 октомври 2017 година, беше репризирано изданието од претходниот ден, во кое гледачите го изнесуваа своето мислење на следниве теми: *„Ниту една предизборна анкета не го предвиде големиот успех на СДСМ“*, *„Се заситија ли граѓаните од актуелните градоначалници?“* и *„Што ќе донесе вториот круг?“*.

Во изданието *„На дневен ред“* од 19 октомври имаше една тема за дискусија *„Партиите потрошиле над 1 милион евра за кампањи во првиот круг на локалните избори!“*. Репризното издание на утринската програма, а во нејзини рамки и на посочената рубрика, беше наредниот ден, 20 октомври.

На 24 октомври, во редовното утринско издание на емисијата „Ја сакам Македонија“, теми за разговор со публиката во рамки *„На дневен ред“* беа: *„На локалните избори сите ветуваа нови градинки и училишта, но што е со пензионерските домови?“* и *„Има ли стратегија за пензионерските домови?“*. Репризата е наредниот ден, 25 октомври.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува


... аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03-11-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4953 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупноемитуваната програма на радиодифузерот, а од дневноинформативните емисии анализирани се вестите од 18 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Од десетте изданија на ТВ Дневникот емитуван во 18 часот за периодот од 18 до 27 октомври 2017 година, збирот новинарски прилози поврзани со актуелни општествено-политички теми и настани изнесува – 3 часа 20 минути и 56 секунди, од кои, според методолошките поставки, само – 22 минути и 33 секунди се однесуваа стриктно на директни облици изборна кампања во Вториот изборен круг – митинзи, средби со граѓани и/или промоција проекти. Саат ипол, од ова вкупно време за дневен новинарски ангажман, отстапен е главно за редовни / тековни активности на министерствата и на различни инстанци од судскиот систем.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Специјално обвинителство | 00:01:56 | 2,17 | % |
| Други субјекти | 00:07:06 | 7,97 | % |
| Влада на РМ | 00:36:09 | 40,56 | % |
| Судство | 00:13:55 | 15,62 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:02 | 2,28 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:31 | 0,58 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:30 | 5,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:08 | 3,52 | % |
| Без субјекти | 00:00:52 | 0,97 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:26 | 3,85 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:40 | 0,75 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:44 | 4,19 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:36 | 10,77 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:32 | 1,72 | % |
| | Вкупно за тема - 01:29:07 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:08:35 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема - 00:08:35 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:14:25 | 25,49 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:14:32 | 25,70 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:31 | 6,22 | % |
| Други субјекти | 00:07:18 | 12,91 | % |
| Беса | 00:00:36 | 1,06 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:04:50 | 8,55 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:18 | 2,30 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:24 | 4,24 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:42 | 1,24 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:53 | 1,56 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:41 | 1,21 | % |
| Судство | 00:02:50 | 5,01 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:46 | 1,36 | % |
| Влада на РМ | 00:00:46 | 1,36 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:01 | 1,80 | % |
| | Вкупно за тема - 00:56:33 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:04 | 40,21 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:58 | 30,89 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:47 | 7,91 | % |
| Беса | 00:03:18 | 14,63 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:26 | 6,36 | % |
| | Вкупно за тема - 00:22:33 | 100 | % |
| Коментари/Ставови | | | |
| | 00:24:08 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема - 00:24:08 | 100 | % |
| | **Вкупно - 03:20:56** | | |

Речиси еден саат од времето за ТВ дневникот од 18 часот, телевизијата отстапи за експертски анализи и за партиски / коалициски активности, реакции и комбинаторики по завршувањето на Првиот изборен круг, тематски обединети под насловот – „Други теми поврзани со изборите“. Информативната редакција на ТВ Канал 5 се обиде остатокот од изборниот процес да го обработи пред сè аналитички – било преку редакциските коментари што опфатија 24 минути од ТВ дневникот, било преку дебатите емитувани во емисијата „Само вистина“.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:02:48 | 5,42 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:12:26 | 24,09 | % |
| Беса | 00:01:26 | 2,78 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:32 | 2,97 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:10 | 2,26 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:37 | 8,94 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:32 | 4,91 | % |
| Влада на РМ | 00:06:56 | 13,43 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:10 | 2,26 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:21 | 2,62 | % |
| Судство | 00:00:28 | 0,90 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:55 | 21,15 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:01 | 1,97 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:39 | 5,13 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:36 | 1,16 | % |
| | **Вкупно: 00:51:37** | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Дебатите во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година, во кои покрај некои од кандидатите за градоначалници учествуваа и политички аналитичари, беа емитувани во емисијата „Само вистина": На 18 октомври, изборното соочување беше меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Бутел - Велимир Смилевски, од Коалицијата предводена од СДСМ, и Дарко Костовски, од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. На 19 октомври, анализи за изборниот процес искажаа Петар Арсовски и Александар Даштевски. На 20 октомври, предизборна дебата се водеше меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Гази Баба - Тони Трајковски (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) и Борче Георѓиевски (Коалиција СДСМ), на 23 октомври, меѓу кандидатите за Општина Кавадарци - Митко Јанчев (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) и Бетијане Китев (Коалиција СДСМ), додека на 24 октомври, основната тема беше - Дали власта прислушува незаконски?, а изданието беше реализирано како интервју со Слободан Богоевски, поранешен потсекретар на Службата за безбедност, при што гостинот ги коментираше ставовите на Оливер Андонов и на Владимир Пивоваров, експерти за темата, со кои претходно беа направени одделни новинарски прилози / интервјуа. На 25 октомври, организирано беше соочување меѓу Јохан Тарчуловски (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) и Филип Темелковски (Коалиција СДСМ), кандидатите за градоначалник на Општина Кисела Вода.

*Други програми*

Деловите од утринската програма „Здраво Македонијо", реализирани како „отворено студио" за јавувања на пошироката јавност по актуелни оштествено-политички случувања, во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година за теми ги имаа:

- *Според европскиот здравствен потрошувачки индекс - 75% од продажбата на лекови во Република Македонија е на товар на граѓаните;*
- *Секој петти македонски граѓанин живее во сиромаштија;*
- *Бесплатна правна помош;*
- *На што се должи убедливата победа на СДСМ на последните избори?;*
- *Светски ден на сиромаштијата* – на оваа тема гостува и Саша Богдановиќ, *новоизбраниот градоначалник на Општина Центар;*
- *Се подготвуваат измени на Законот за извршување;*
- *За влез во земја од ЕУ, македонските граѓани ќе плаќаат по 10 евра;*
- *Речиси 20 проценти од работниците во земјава земаат плата во коверт;*
- *„23 Октомври" - Ден на македонската револуционерна борба;*
- *Нова црковна давачка - Повардарската епархија ќе наплаќа за снимање и за фотографирање венчавка;*
- *Можни ли се промени во владината коалиција по локалните избори?*
- *Нов закон против пушењето;*
- *Нема да има прегласување за Првиот круг од локалните избори - резултатите се конечни.*

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03 - 11 - 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4954 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;

- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се десет изданија на Вестите во 15:30 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во вестите, беа анализирани прилози со вкупен обем од 3 часа 6 минути 59 секунди, во најголем број извештаи, изјави, вести, соопштенија и изводоци од интервјуа со министерот за локална самоуправа Сухејл Фазлиу за Радио Слободна Европа, и со претседателот на Алијанса на Албанците Зијадин Села за Топ Тема.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:25:06 | 34,06 | % |
| Други субјекти | 00:05:23 | 7,31 | % |
| Јавно обвинителство | 00:06:40 | 9,05 | % |
| Судство | 00:12:29 | 16,94 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:01 | 2,74 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:48 | 1,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:48 | 1,09 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:49 | 6,54 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:06 | 5,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:39 | 3,60 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:11 | 1,61 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:49 | 1,11 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:48 | 1,09 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:48 | 1,09 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:48 | 1,09 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:23 | 1,88 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:05 | 4,18 | % |
| Вкупно за тема: | 01:13:41 | | |
| Активности на ДИК и други органи | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:06:58 | 91,67 | % |
| Судство | 00:00:19 | 4,17 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:19 | 4,17 | % |
| | Вкупно за тема: 00:07:36 | | |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:40 | 8,69 | % |
| Без субјекти | 00:03:05 | 3,09 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:27 | 6,47 | % |
| Влада на РМ | 00:10:53 | 10,91 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:34 | 10,60 | % |
| Судство | 00:04:18 | 4,31 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:42 | 1,70 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:36 | 17,65 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:49 | 7,84 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:45 | 1,75 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:35 | 2,59 | % |
| Беса | 00:01:45 | 1,75 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:03:19 | 3,33 | % |
| Други субјекти | 00:16:06 | 16,15 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:47 | 0,79 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:47 | 0,79 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:47 | 0,79 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:22 | 0,37 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:26 | 0,43 | % |
| | Вкупно за тема: 01:39:43 | | |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:37 | 27,02 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:11 | 36,49 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:22 | 22,84 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:49 | 13,65 | % |
| | Вкупно за тема: 00:05:59 | | |

**Вкупно: 03:06:59**

ТВ Телма, практично не известуваше за средбите и активностите на политичките партии/коалиции односно за Локалните избори известуваше од аспект на работата на ДИК и на Управниот суд во однос на поднесените приговори за гласањето во првиот круг, реакциите на ВМРО ДПМНЕ за нивната работа, потоа за коалицирањето на Алијанса за Албанците и Беса, ставовите на ДУИ и на другите партии од владиното мнозинство, како и на експертите за овој потег. Има прилози и за примопредавањето на власта во општините каде изборот беше завршен во првиот круг. Констатации за балансот, не можат да се извлечат зашто има премалку време.

*Табела 2 – Структура за директни обраќања*

| ТВ Телма | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Други субјекти | 00:06:06 | 12,85 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:47 | 22,72 % |
| Беса | 00:00:13 | 0,46 % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:36 | 3,37 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:56 | 1,97 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:58 | 6,25 % |
| Влада на РМ | 00:09:50 | 20,72 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:54 | 1,90 % |
| ДИК и други органи | 00:03:21 | 7,06 % |
| Граѓански сектор | 00:04:51 | 10,22 % |
| Судство | 00:00:17 | 0,60 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:46 | 1,62 % |
| Претседател на РМ | 00:01:23 | 2,91 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:30 | 7,37 % |
| | **Вкупно: 00:47:28** | **100 %** |

ТВ Телма, екстензивно ја следеше работата на судството, Јавното обвинителство и Специјалното јавно обвинителство, текот на истрагата во врска со насилните настани во Собранието на РМ на 27 април 2017 година, а побара и експертски ставови за инцијативата на ВМРО ДПМНЕ за амнестирање на лицата кои учествуваа во нив. Се информираше и за текот на актуелните фази на процесот за избор на нов јавен обвинител на РМ, за новиот развој на настаните околу претресот кај судијата Владимир Панчевски, приговорите и тужбите кои тој ги поднел. Во низа (и обично меѓу првите прилози) се информираше за апсењето во Грција на Горан Грујовски и Никола Бошковски, обвинети за масовното нелегално прислушување, со ставови на експерти, на судот и на извршната власт за тоа како (треба да) тече екстрадицијата, за тоа дали имале помош при бегството, а за почетокот на нивното судење, медиумот имаше испратено свој репортер во Солун.

*Посебни информативни емисии*

Во десетдневниот период од мониторингот на известувањето на ТВ Телма, реализиран од 18 до 27 октомври 2017 г. регистрирани се дебати, интервјуа и актуелни-информативни емисии. Тие и понатаму беа дел од информативната програма со наслов: „Топ тема“ и „Топ тема на Ваша страна“ и од посебната актуелно-информативна програма со наслов „Ноќно студио“.

*Дебати*

На 19.10.2017 се емитуваше „Топ тема“ со Оливера Трајковска, во која се дебатираше на темата поврзана со оценката на Владата дека Уставниот суд треба да ја запре постапката за Законот за следење на комуникациите, односно начинот на кој беше донесена и како помина одлуката со која треба да се повлече иницијативата за испитување на Уставноста на членот 175 од Законот за следење на комуникациите. Во

емисијата дебатираа професорите Гордан Калајџиев и Трпе Стојановски и Андреја Стојковски од невладината организација „Еуротинк".

На 20.10.2017 г. во „Топ тема на ваша страна" со Сања Васиќ се дебатираше на тема: „Што донесоа локалните избори на политичката сцена во Република Македонија, новите коалиции и како тие ќе се одразат на составот на Владата". Дебатираа Имер Селмани и Љупчо Поповски, новинар.

На 24.10.2017 г. во „Топ тема" со Александар Чомовски се постави темата: „Грујовски и Бошкоски пред Судот во Солун и дилемите околу барањето за нивната екстрадиција". Дебатираа: Павле Трајанов и Звонко Давидовиќ. Поранешниот министер за внатрешни работи, Павле Трајанов тврдеше дека: „Македонија нема договор за екстрадиција со Грција", и дека „двајцата приведени може брзо да и бидат предадени на Македонија со договор на двете министерства за внатрешни работи".

На 27.10.2017 г. на програмата беше емитувана „Топ тема на ваша страна" со Сања Васиќ: „Загадување на воздухот. Ќе дознаеме ли оваа зима што дишеме во Скопје, Битола, Тетово? Манипулации со мерењата на загадениот воздух или факти?" Дебатираа: Драган Ѓоргов од Институт за јавно здравје, Душко Груевски од невладината организација „За нас се работи', Невена Георгиевска од невладината организација „О2 Коалиција за чист воздух" и Беса Татеши од министерството за животна средина.

Првите три дебати беа репризирани наредниот ден, последната беше премиерно емитувана на последниот ден пред молкот.

*<u>Интервју</u>*

На 18.10.2017 г. во рамките на „Топ тема на ваша страна" со Снежана Лупевска-Созен на жешкото столче одговараше поранешниот претседател на Кривичниот суд Владимир Панчевски. Покрај водителката, прашања му поставуваа новинарите Гордана Дувњак, Елена Ивановска - Мукоска и Бојан Стојановски. Емисијата имаше реприза утредента.

Во рамките на „Топ тема" од 25.10.2017 г. Снежана Лупевска Созен направи интервју со Зијадин Села кое беше репризирано на полниќ.

На 26.10.2019 г. во „Топ тема" со Оливера Трајковска беше сместено интервју со Петре Шилегов, новоизбраниот градоначалник на град Скопје од редовите на СДСМ, кое беше репризно прикажано наредниот ден.

*<u>Актуелно-информативни програми</u>*

Во „Ноќното студио" со Борјан Јовановски, на 18.10.2017 г. беше емитуван прилог за очекувањата на граѓаните од новиот градоначалник, со акцент на стопирањето на градбата на панорамското тркало, со изјави на Драги Давчевски, советник во град Скопје и Зоран Шапуриќ, министер без ресор во Владата на РМ проследено со интервју на Петре Шилегов, кој најави дека проектот Скопје 2014 ќе престане да се гради, ќе биде подложен на ревизија, и ќе има консултација со стручната јавност. Имеше и интервју со Арбен Таравари по повод коалицијата на Алијанса на Албанците со Беса. Во емисијата беше поставен и прилогот: „Како и да се мери, Македонија е меѓу најсиромашните европски земји".

Во „Ноќно студио" со Боби Христов од 19.10.2017 г. беше загатната темата: „Судството: Кривичен наспроти Апелација и одлуките за неприфаќањето на разговорите како докази предложени од СЈО" проследено со разговор со Ѕвонко Давидовиќ, адвокат. Разговор за реформите во ВМРО ДПМНЕ со Александар Михајловски од рефарматорите на ВМРО ДПМНЕ, по изјавата на претседателот на партијата

Никола Груевски. Беа проследени и темите: „Случајот Агрокор во Хрватска", „Новини поврзани со апсењето на Грујовски и Бошкоски", „Каталонија" и „Фени доби нов газда".

„Ноќното студио" со Боби Христов, следниот ден, на 20.10.2017 г. се наврати на темите: „Судењето на Бошковски и Грујовски во Солун и очекувањето на нивната екстрадиција" и „Случајот со Агрокор во Хрватска". Изборите во Германија беа проследени со детален извештај на Борис Георгиевски, уредник на Дојче Веле на македонски јазик. „Кој ќе ја води општината Македонски Брод" - со граѓани од општината, соопштение од Милосим Војнески, кандидат за градоначалник на Македонски Брод на ВМРО ДПМНЕ, Живко Силјановски кандидат за градоначалник на Македонски Брод од СДСМ, и интервју со Антонио Јовановски од „Гоу Грин". Во емисијата беше реализирано интервју со Александар Јовановски од ЕПИ, по прилогот со професорите Ана Павловска Данева и Гордан Калајџиев и Дијана Жупаноска од Центарот за Европски стратегии ЕВРОТИНК, околу пробивањето на роковите за одговорот со отчет на министерствата на прашалникот до Брисел.

„Ноќно студио" од 24.10.2017 г. со Сања Васиќ обезбеди прилог „Грујовски и Бошкоски пред Судот во Солун" проследен со интервју со репортерот/новинарот на Телма Павле Беловски кој го следеше настанот. „ЕТИАС системот на ЕУ и што значи тој за граѓаните на РМ", проследен со интервју, преку линковска врска, со помошничката на министерот за ЕУ и меѓународна соработка, Бети Јачева. Прилогот: „Тепачки меѓу прваоделенци" беше проследен со интервју со Нада Молеровиќ, директорка на ОУ Гоце Делчев во Скопје.

„Ноќно студио" со Боби Христов од 25.10.2017 г. ја постави темата: „Скопје останува без саем? Нов сопственик на имотот на Скопски саем е бугарската фирма „Кардфинанс" ДООЕЛ, со седиште во Софија". Прилогот беше проследен со разговор со Татјана Лопарски директорка на Елемент ПР. Темата „Ревидирање на Законот за пушење - ДА или НЕ? и Европски искуства со законите за пушење" беше проследена со разговор со професор доктор Дејан Докиќ, алерголог и пулмолог. „Предавањето на власта во општините" исто така, беше дел од ова издание во кое како дополнување на овој прилог беа искористени делови од разговорот со Зијадин Села од „Топ тема".

„Ноќно студио" од 26.10.2017 г. со Снежана Лупевска Созен ги обработи следните теми: „Средбата Заев - Ахмети во Тетово и изјави како реакција на интервјуто на Телма со Зијадин Села и неговите остри обвинувања кон владините партнери", „Починатиот грчкиот воен разузнавач Грилакис кој се занимаваше со грчко-македонското прашање за името", Околу фалсификуваните патни исправи беше направено интервју со поранешниот началник во МВР, Љубомир Ѓурчески. Беше емитуван и прилог како најава за серијата Инсајдер. Имаше прилог за „Спротивставени мислења за даночната реформа на Владата на РМ" проследено со интервју во студиото на даночниот експерт Павле Гацов, кој воедно е и претседател на Здружението на даночни советници на Република Македонија.

На 27.10.2017 г. „Ноќно студио" со Борјан Јовановски ги поставува темите: „Дојде време за компромис, според Никос Коѕијас"; „Мислење на Али Ахмети за политичките потези на БЕСА и Алијансата за Албанците", „Предизборен молк", „Потврдено обвинението за Тврдина", „Трезористот на НЛБ признал кражба, но не и каде се парите", „Се зголемува сиромаштијата во Македонија". Во рамките на емисијата беше реализирано интервју со Никола Спасов од агенцијата Рејтинг, за прогнозите за гласањето во недела, по прилогот „Битка за гласови пред вториот изборен круг". Во емисијата беше реализирано и интервју со Слободан Богоевски, по прилогот за „Случајот со Грујовски и Бошкоски".

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03-11-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4955 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии анализирани се изданијата на вестите на албански јазик емитувани во 18:30 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период, од 18 до 27 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на КОМПАНИ 21-М, емитувано од 18:30 часот опфати 10 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 23 минути и 1 секунда.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Судство | 00:14:08 | 24,82 | % |
| Други субјекти | 00:08:19 | 14,61 | % |
| Влада на РМ | 00:15:55 | 27,96 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:56 | 1,64 | % |
| Без субјекти | 00:02:48 | 4,92 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:40 | 2,93 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:23 | 11,21 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:24 | 5,97 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:07 | 1,96 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:07 | 1,96 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:09 | 2,02 | % |
| Вкупно за тема: | 00:56:56 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:07:26 | 67,58 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:24 | 12,73 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:05 | 9,85 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:05 | 9,85 | % |
| Вкупно за тема: | 00:11:00 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Без субјекти | 00:04:14 | 10,41 | % |
| Други субјекти | 00:02:58 | 7,29 | % |
| Беса | 00:02:46 | 6,80 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:02 | 12,37 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:57 | 4,79 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:47 | 11,76 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:49 | 14,30 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:25 | 18,23 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:27 | 6,02 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:09 | 2,83 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:59 | 2,42 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:34 | 1,39 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:34 | 1,39 | % |
| | Вкупно за тема: 00:40:41 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Алијанса на Албанците | 00:05:20 | 15,50 | % |
| Беса | 00:05:11 | 15,07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:52 | 22,87 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:26 | 18,70 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:00 | 23,26 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:35 | 4,60 | % |
| | Вкупно за тема: 00:34:24 | 100 | % |
| | Вкупно: 02:23:01 | | |

Оваа минутажа е недоволна за да се извлечат оценки за начинот на известување. Делот од прилозите, во кој преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 34 минути и 24 секунди (Табела 1). Иако, ова е мал обем информации за период од 10 дена, може да се констатира дека телевизијата настојувала да известува за активностите на најголем дел од учесниците во кампањата во вториот круг од Локалните избори и на оние со приближно еднаков број на кандидати и сличен интензитет на активности да им обезбеди приближно еднакво време: Алијанса на Албанците – 5 минути и 20 секунди, Беса – 5 минути и 11 секунди, ДУИ - Демократска унија за интеграции – 7 минути и 52 секунди, Коалиција СДСМ и др. - 8 минути и Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. - 6 минути и 26 секунди.

За активностите на органите на власт, се одвоени вкупно 56 минути и 56 секунди. Доминираат прилозите поврзани со тековните активности на Владата на Република Македонија – 15 минути и 55 секунди, а на второ место се повеќе судски процеси и други актуелни случувања во судството, за кои се одвоени 14 минути и 8 секунди.

Вкупното времетраење на прилозите коишто во овој извештаен период се дел од темата „други теми поврзани со изборите" е 40 минути и 41 секунда.

*Табела 2 – Структура на директни обраќања*

**ТВ 21 - М**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:02:49 | 8,43 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:03:40 | 10,97 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:32 | 10,57 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:23 | 4,14 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:20 | 6,98 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:03:43 | 11,12 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:33 | 10,62 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:44 | 11,17 | % |
| Влада на РМ | 00:02:49 | 8,43 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:14 | 3,69 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:22 | 4,09 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:26 | 4,29 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:23 | 1,15 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:18 | 0,90 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:30 | 1,50 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:39 | 1,95 | % |
| | Вкупно: 00:33:25 | 100 | % |

За шестте политички субјекти (ДУИ, ДПА, Алијанса за Албанците, Беса, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата предводена од СДСМ) за чиишто кампањи информираше во најголем дел од прилозите поврзани со активностите на учесниците во изборниот процес, телевизијата одвои приближно еднакво време за директни обраќања. Временската застапеност се движи од 2 минути и 49 секунди за Беса, 3 минути и 32 секунди за ДУИ - Демократска унија за интеграции, 3 минути и 33 секунди за Коалицијата предводена од СДСМ, 3 минути и 40 секунди за Алијанса на Албанците, до 3 минути и 44 секунди за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Временски субјектите кодирани како „други субјекти" добиле можност за поголема застапеност кај директните обраќања, 3 минути и 43 секунди.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Сите дебатни соочувања на програмата на КОМПАНИ 21 - М се реализирани во рамки на емисијата „Клик плус".

На 18 октомври се емитуваше дебата на тема „Арачиново како феномен", со аналитичарите: Ѓула Челику, Валон Бела и Артан Дика. Емисијата се реприизираше на 19 октомври.

На 19 октомври беше емитувана дебата на тема: „Локалните избори - удар за националистичката реторика". Гости: Андреја Стојковски од Центар за европски стратегии, Агим Јонуз – аналитичар, Драган Лазарев од „реформаторите" на ВМРО-ДПМНЕ и Сафет Бишевац, поранешен пратеник и новинар. Емисијата беше репризирана на 20 октомври.

На 20 октомври беше емитувана дебата на тема: „Исходот од локалните избори, прв круг", со гостите: Александар Кирацовски од СДСМ, Петар Богоевски од ВМРО-ДПМНЕ–реформатори, Александар Кежаровски од невладиниот сектор и Тодор Петров, аналитичар. Емисијата се репризираше на 21 октомври.

На 24 октомври беше емитувана дебата на тема: „Кој што добива од коалициите?", со гостите: Артан Груби од ДУИ, Мухамед Зеќири од СДСМ, Ремзи Мехмеди од Алијансата за Албанците и Зејд Реџепи од Беса. Емисијата беше репризирана на 25 октомври.

На 25 октомври се емитуваше дебата со гости од културата (Љура Положани, Љендрим Ријани, Агрон Биба и Јљуљета Адеми), кои дебатираа на тема „Уметничкото и политичкото изразување" и истата се репризираше на 26 октомври. Истиот ден (26 октомври) се емитуваше и дебата во пресрет на вториот круг од Изборите, со следните гости: Ивана Туфекџиќ од СДСМ, Крсте Јовановски од ВМРО-ДПМНЕ, Самет Шабани, автор на апликацијата за Изборите и Здравко Савевски од Левица.

На 27 октомври беше емитувана дебата на тема: „Каква беше кампањата, комуникацијата со гласачите итн", со гостите: Петар Арсовски, аналитичар и Сашо Пешев од ПР Маркетинг.

*Актуелно-информативни програми*

Во рамки на извештајниот период емитувани се осум изданија на информативната емисија „10 минути". Две од изданијата беа поврзани со изборниот процес. Во едниот случај беше пренесен дел од прес-конференција на Алијанса за Албанците (Елми Азири) и на Беса (Африм Гаши), по договорот за коалицирање во вториот круг од Изборите, а во второто издание беа пренесени размислувањата на аналитичарот Џелал Незири во врска со вториот круг на Локалните избори во Општина Чаир.

Другите изданија на емисијата се однесуваа на: изјавата на Зоран Караџовски (Судски совет) во врска со можните злоупотреби на АКМИС-от, беше пренесена изјавата на Маргарита Цаца Николовска за правата на ЛГБТИ-заедницата, потоа Маја Милошевска зборуваше за Трката со брзи коли-Кружен тек во Скопје, а беше емитувано и издание на емисијата посветено на посетата на Скопје на министерот за надворешни работи на Косово, Беџет Пацоли. Последните две изданија на емисијата беа посветени на дебатата за Ромите која се одржа во Скопје и на податоците на Заводот за статистика, според кои расте сиромаштијата во Република Македонија.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03.11.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4956 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ Шења ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;
4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Шења ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на албански, на македонски и на турски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупноемитуваната програма на радиодифузерот, а од дневноинформативните емисии анализирани се изданијата на вестите од 18:55 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година, вкупното време од методолошки селектираните дневноинформативни новинарски прилози изнесува – 3 часа 18 минути и 57 секунди, а времето остапено за прилози што конкретно се однесуваат на облиците изборна кампања (митинзи / средби со граѓани), опфатени под насловот – „Активности на учесници во изборна кампања и кандидати", изнесува – 43 минути и 34 секунди. Соодносно погледнато, речиси третина од вкупното време собрано од десетте изданија на ТВ дневникот, информативната редакција на ТВ Шења го искористи за категоријата прилози обединети под наслов – „Други теми поврзани со изборите", односно – новинарски интерес за изборните резултати и приговорите до ДИК по Првиот круг од Локалните избори, потоа за новонастанатата политичка ситуација и потребата од нови начини на коалицирање – од една страна меѓу Алијансата на Албанците и Беса, а од друга страна - колебливоста на поддршката на СДСМ за кандидатите на ДУИ, односно за кандидатите на Алијансата, според проценките за можниот изборен исход во одредени единици на локалната самоуправа. Оттаму, впрочем, и честите аналитички новинарски прилози поткрепени со експертска (политиколошка) проценка за тековите на изборниот процес, како и со ретроспектива за рапидните промени и за (не)принципиелните политички здружувања помеѓу одредени политички субјекти од македонската политичка сцена.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Активности на органите на власт | | |
| Влада на РМ | 00:08:26 | 22,97 % |
| Судство | 00:16:24 | 44,67 % |
| Други субјекти | 00:01:09 | 3,13 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:09 | 3,13 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:19 | 0,86 % |
| Граѓански сектор | 00:02:11 | 5,95 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:29 | 9,49 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:12 | 3,27 % |
| Претседател на РМ | 00:02:24 | 6,54 % |
| | Вкупно за тема - 00:36:43 | 100 % |
| Активности на ДИК и други органи | | |
| ДИК и други органи | 00:06:26 | 100,00 % |
| | Вкупно за тема - 00:06:26 | 100 % |
| Други теми поврзани со избори | | |
| Експерти/аналитичари | 00:20:48 | 25,03 % |
| Други субјекти | 00:09:47 | 11,77 % |
| Без субјекти | 00:10:28 | 12,60 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:48 | 9,39 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:23 | 5,27 | % |
| Беса | 00:13:56 | 16,77 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:08:05 | 9,73 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:38 | 1,97 | % |
| Влада на РМ | 00:01:57 | 2,35 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:00 | 1,20 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:21 | 1,62 | % |
| Судство | 00:01:55 | 2,31 | % |
| | Вкупно за тема - 01:23:06 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Алијанса на Албанците | 00:13:12 | 30,30 | % |
| Беса | 00:15:37 | 35,85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:14 | 23,49 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:36 | 8,26 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:55 | 2,10 | % |
| | Вкупно за тема - 00:43:34 | 100 | % |
| Коментари/ставови | | | |
| | 00:29:08 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема - 00:29:08 | 100 | % |
| | **Вкупно - 03:18:57** | | |

Пошироко погледнато, одделно од изборните активности, и во овој, завршен дел од мониторингот, се покажа дека ТВ Шења посебно внимание им посветува на тековни судски процеси, на пример, за случајот – „Сопот", за настаните од „Крвавиот четврток", за апсењето и одложената екстрадиција на екс-разузнавачите Грујовски и Бошковски.

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Беса | 00:13:43 | 26,95 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:09:00 | 17,68 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:56 | 13,62 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:41 | 3,31 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:50 | 1,64 | % |
| Други субјекти | 00:02:00 | 3,93 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:56 | 5,76 | % |
| Влада на РМ | 00:02:18 | 4,52 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:33 | 18,76 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:55 | 1,80 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:32 | 1,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:30 | 0,98 | % |
| | **Вкупно - 00:50:54** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 18 октомври, во емисијата „Отворено студио", емитувана е дебата меѓу Елми Азири од Алијансата на Албанците, и Африм Гаши од Беса, а темата беше за новата коалиција од овие две партии, активни учесници и во Вториот круг од Локалните избори 2017 година.

На 25 октомври, во истата емисија, на тема: Влијанието на македонските политички партии врз албанскиот електорат - гостуваа Бесим Хода, претставник на Здружението на ветераните од ОНА, и Шпетим Положани, активист за национални прашања.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:
**д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-11. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4957 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно

членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на албански јазик, **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот, а од дневно-информативните емисии, анализирани се Вестите во 18 часот и 45 минути.

*Дневно-информативни емисии*

Во последните десет дена од изборната кампања за вториот круг од Локалните избори 2017, анализата на изборното медиумско претставување е спроведена врз вкупно десет изданија на Вестите во 18 часот и 45 минути.

Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 2 часа, 39 минути и 45 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ АРТ ЧАННЕЛ | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Влада на РМ | 00:17:33 | 50.07 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:38 | 4.66 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:16 | 6.47 | % |
| Судство | 00:03:56 | 11.22 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:42 | 7.70 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:07 | 6.04 | % |
| Други субјекти | 00:01:00 | 2.85 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:52 | 8.18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:59 | 2.81 | % |
| Вкупно за тема: | 00:35:03 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:14:03 | 100.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:14:03 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:19:42 | 37.43 | % |
| Влада на РМ | 00:05:50 | 11.08 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:19 | 4.40 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:10 | 6.02 | % |
| Други субјекти | 00:11:36 | 22.04 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:23 | 2.63 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:30 | 4.75 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:39 | 3.13 | % |
| Беса | 00:00:47 | 1.49 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:34 | 1.08 | % |
| Судство | 00:00:35 | 1.11 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:51 | 1.61 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:51 | 1.61 | % |
| Без субјекти | 00:00:51 | 1.61 | % |
| | Вкупно за тема: 00:52:38 | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:08 | 17.47 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:17:29 | 30.14 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:15 | 9.05 | % |
| Беса | 00:07:03 | 12.15 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:46 | 4.77 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:14:21 | 24.73 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:59 | 1.69 | % |
| | Вкупно за тема: 00:58:01 | 100 | % |

**Вкупно: 02:39:45**

Прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за активностите на политичките партии и коалиции во последните десет дена од кампањата за вториот круг од локалните избори, опфаќаат 58 минути и 1 секунда од мониторираното издание на Вестите на ТВ Арт Чаннел (Табела 1). Временски најголем простор е одвоен за активностите на ДУИ – 17 минути и 29 секунди. Партијата Беса е застапена со 7 минути и 3 секунди, а за Алијансата на Албанците се одвоени 5 минути и 15 секунди. Од двете водечки коалиции од македонскиот политички блок, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ е застапена со 14 минути и 21 секунда, а за активностите на Коалицијата предводена од СДСМ медиумот одвои 10 минути и 8 секунди. Во помал обем медиумот известуваше и за активностите на Демократската партија на Албанците и за Демократската партија на Турците во Македонија.

Приближно еднакво време - 52 минути и 38 секунди, во вестите на ТВ Арт Чаннел опфаќаат прилозите за други теми поврзани со избори. Во оваа категорија најголем дел отпаѓа на прилозите во кои е пренесен ставот на експерти/ аналитичари за актуелните теми, во најголем дел поврзани со локалните избори (19 минути и 42 секунди). За темата „Трошоци на политичките партии во кампањата“ својот став го изнесоа универзитетскиот професор Сеадин Џафери и поранешниот член на Комисијата за спречување на корупција, Ариф Муса. За „партиски вработувања како традиционална пракса“, беше консултиран социологот Абдулнасер Синани, анализа на владините коалиции во повеќе прилози во вестите на ТВ Арт Чаннел дадоа политичките аналитичари Илир Лума и Џени Сулимани, новинарот Фатос Рушити, и универзитетскиот професор Милаим Фетаи. За очекувањата и потенцијалниот исход од вториот круг на локалните избори беа консултирани аналитичарите Алајдин Демири и Селим Ибраими, а за кампањата на политичките партии свое мислење изнесоа универзитетските професори Беса Кадриу и Башким Селмани. Темата за спорот со името беше опсервирана од познавачите на меѓународната политика, Илбер Села и Ќани Нухиу.

За активностите на органите на власт во вестите се одвоени 35 минути и 3 секунди, а временски најзастапени во оваа категорија се прилозите за активностите на Владата – 17 минути и 33 секунди.

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ АРТ ЧАННЕЛ | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Други субјекти | 00:02:50 | 4.77 % |
| Алијанса на Албанците | 00:04:23 | 7.38 % |
| Беса | 00:04:30 | 7.57 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:07 | 20.39 % |
| ДИК и други органи | 00:02:20 | 3.93 % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:25 | 15.84 % |
| Влада на РМ | 00:04:37 | 7.77 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:06:42 | 11.27 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:50 | 9.81 % |
| Граѓански сектор | 00:00:49 | 1.37 % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:48 | 1.35 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:37 | 1.04 % |
| Претседател на РМ | 00:01:24 | 2.36 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:01 | 3.39 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:19 | 0.53 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:44 | 1.23 % |
| | **Вкупно: 00:59:26** | 100 % |

Следствено на временската застапеност во проследувањето на активностите, и во директните обраќања, временски најзастапена е партијата ДУИ со 12 минути и 7 секунди (Табела 2). Значително помалку време во директните обраќања добија другите партии кои имаа свои кандидати во вториот круг од локалните избори. За партијата Беса беа одвоени 4 минути и 30 секунди, за Алијансата на Албанците 4 минути и 23 секунди, за ДПА 2 минути и 1 секунда. Коалицијата предводена од СДСМ беше застапена со 6 минути и 42 секунди, а Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во директните обраќања доби 5 минути и 50 секунди.

*Посебни информативни емисии*

Во овој мониториран период од последните десет дена од кампањата за вториот круг од локалните избори, медиумот емитуваше три премиерни и три репризни изданија на дебатната емисија „Зиг Заг", две премиерни и едно репризно издание на дебатната емисија „Во фокусот" и едно премиерно и едно репризно издание на емисијата „Уметност на финансии".

Тема на емисијата „Уметност на финансии" што беше премиерно емитувана на 18 октомври со реприза наредниот ден, беше „Трошоците на политичките партии за време на кампањата". Гости во емисијата беа Ариф Муса (поранешен член на Комисијата за спречување корупција) и Сеадин Џафери (универзитетски професор).

На 19 октомври беше емитувана емисијата „Зиг Заг" на тема: „Кој и каде ќе победи во вториот круг на локалните избори". Гости во дебатата беа Фадил Зендели (Беса), Агон Ферати (Алијанса на Албанците) и Дритон Кучи (ДУИ). Реприза на емисијата беше емитувана на 20 октомври.

Во второто издание на дебатната емисија „Зиг Заг" на темата „Прераспределување на албанските политички партии" дебатираа: Реџаил Исмаили (пратеник од ДУИ), Шпетим Положани (активист), Милаим Фетаи (универзитетски професор), Селим Ибраими (новинар). Реприза на емисијата беше емитувана на 24 октомври.

На 26 октомври тема на дебатната емисија „Зиг Заг“ беше „(Не)природни коалиции на локалните избори“. Гости во емисијата беа: Фати Исени (универзитетски професор), Абдула Азири (универзитетски професор), Фатон Алити (ПДП). Реприза на емисијата беше емитувана на 27 октомври.

Во емисијата „Во фокусот“ емитувана на 20 октомври и репризирана на 21 октомври, темата беше „Мониторинг на локалните избори“, а гостин во емисијата беше Џабир Дерала од Граѓанската асоцијација „Цивил“

На 27 октомври беше емитувано второто издание на емисијата „Во фокусот“ на тема: „Локални избори – спорт и култура“, а гости во емисијата беа Нади Фетаи (спортски работник и менаџер), Невзат Бејтули (уметник).

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-11-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4958 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на членот 75, ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупноемитуваната програма на радиодифузерот, а од дневноинформативните емисии анализирани се вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Мониторингот на известувањето за вториот изборен круг од Локалните избори 2017 година, го опфати периодот од 18 до 27 октомври, а од севкупната програма на ТВ 24 Вести методолошки беа издвоени жанровските варијанти на актуелно-информативните емисии и изданијата на ТВ дневникот од 20 часот – од кого произлезе аналитички примерок со времетраење од 3 часа 17 минути и 41 секунди. Стриктно, од последноспоменатото информативно време за облиците на изборната кампања (средби со граѓани / митинзи / промоција социјални и/или економски проекти), тематски опфатени под насловот – „Активности на учесници во изборната кампања и кандидати", ТВ 24 Вести издвои само – 18 минути и 30 секунди, новинарски прилози обликувани во стандардните жанровски облици на веста и на извештајот, обидувајќи се содржината на Вториот изборен круг да ја презентира аналитички, преку – интервјуа и/или преку дебати.

*Табела 1 – Структура на темите по субјекти*

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Судство | 00:18:11 | 14,10 | % |
| Јавно обвинителство | 00:08:35 | 6,66 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:24 | 4,19 | % |
| Специјално обвинителство | 00:07:15 | 5,62 | % |
| Други субјекти | 00:08:42 | 6,75 | % |
| Влада на РМ | 00:44:46 | 34,73 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:27 | 1,12 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:45 | 6,01 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:56 | 3,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:10 | 9,44 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:22 | 1,06 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:17 | 6,43 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:38 | 0,49 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:27 | 0,35 | % |
| | Вкупно за тема - 02:08:55 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:02:23 | 100,00 | % |
| | Вкупно за тема - 00:02:23 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Влада на РМ | 00:02:21 | 4,91 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:44 | 1,53 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:47 | 22,52 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:10:25 | 21,75 | % |
| Други субјекти | 00:08:06 | 16,92 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:43 | 4,94 | % |
| Беса | 00:00:49 | 1,71 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:25 | 7,14 | % |
| ТМРО | 00:00:22 | 0,77 | % |
| Левица | 00:00:22 | 0,77 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:23 | 2,89 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:23 | 2,89 | % |
| Независни кандидати | 00:01:09 | 2,40 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:54 | 1,88 | % |
| | Вкупно за тема - 00:47:53 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:22 | 23,60 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:18 | 39,46 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:53 | 26,40 | % |
| Беса | 00:01:15 | 6,76 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:42 | 3,78 | % |
| | Вкупно за тема: 00:18:30 | 100 | % |
| | **Вкупно - 03:17:41** | | |

Речиси еден саат од времето за ТВ дневникот од 20 часот, информативната редакција посвети на експертски анализи и на партиски / коалициски активности по завршувањето на Првиот изборен круг, тематски обединети под насловот – „Други теми поврзани со изборите“. Најголемите информативни делови од целината на анализираниот ТВ дневник им беа отстапени на прилози за дневните/тековните активности на извршните органи од централната власт (субјект- Влада).

*Табела 2 – Директни обраќања на субјектите*

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:03:39 | 8,77 | % |
| Влада на РМ | 00:05:36 | 13,46 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:53 | 2,12 | % |
| Беса | 00:00:35 | 1,40 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:50 | 1,36 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:44 | 4,17 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:20 | 0,80 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:23 | 0,92 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:36 | 1,44 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:59 | 19,19 | % |
| Судство | 00:01:38 | 3,93 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:28 | 1,12 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:12 | 17,31 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:25 | 15,42 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:01 | 4,85 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:39 | 1,56 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:38 | 1,52 | % |
| | **Вкупно - 00:41:36** | **100** | **%** |

*Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

Преземеното „Неделно интервју" од Радио Слободна Европа, ги прикажа постизборните ставови на Сухејл Фазлиу, министерот за локална самоуправа, а поттеми на интервјуто беа измените на политичката карта во Република Македонија, мнозинството нови градоначалници доминантно од политичката партија на власт, и можностите за зголемена независност на локалната од централната власт. Делови од изданието на емисијата „Фактор 24", емитувана на 22 октомври 2017 година, искористени беа за поединечни интервјуа на иста тема – билатералните односи на Република Македонија со Република Грција и со Република Бугарија - едното направено со Јоргос Папандреу, поранешниот министер за надворешни работи на Република Грција, другото со Љубомир Кољчуков, поранешен министер за надворешни работи на Република Бугарија.

На 26 и на 27 октомври, изданијата на емисијата „24 Анализа" требало да бидат реализирани како дебати меѓу кандидатите за градоначалници на општините Штип и Гостивар, но на поканите за јавно, медиумско соочување не се одзвале Илчо Захариев (Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ) и Невзат Бејта (ДУИ), така што овие изданија се емитувани како интервјуа со – Благој Бочварски, кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ, и Арбен Таравари, кандидатот од Алијансата на Албанците.

*Дебати*

Единствената дебата меѓу градоначалнички кандидати, ТВ 24 Вести ја реализираше со кандидатите за градоначалник на Општина Кавадарци - Митко Јанчев, од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, и Бетијане Китев, кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ.

На темата што беше најобработувана во периодот од 18 до 27 октомври – „Аферата Грујовски / Бошковски", дебатираа адвокатите Оливер Вуксановиќ и Валентин Зафиров, и новинарот Љубиша Станковиќ, додека, пак, за улогата на религијата во современото македонско општество дебата отворија – отец Ивица Тодоров, професорот Зоран Матевски, и новинарот Маријан Николовски.

*Актуелно-информативни емисии*

Премиерните изданија на „отворените студија" – „Очи во очи" и „Мој термин", ги понудија следниве теми:

Очи во очи:

- *МВР го реши случајот со нападот врз Јакимовски, екс-градоначалникот на Општина Карпош;*
- *МВР чека допис од грчките власти за да почне екстрадиција на Грујовски и Бошковски;*
- *Владата без став по предлог-законот за заштита од пушење;*
- *Нема прегласување во ниту едно избирачко место по првиот круг на Локалните избори;*
- *Фемицид - за три години убиени повеќе од 15 жени во Македонија, институциите не реагираат навремено;*

- *Иванов: ЕУ да предложи датум за почеток на преговорите за членство;*
- *Ахмети ќе бара од Заев консензуален претседател;*

Мој термин:

- *Четири притвори за напаѓачите на Села, синот на Мијалков на распит во полиција;*
- *Екстрадицијата на обвинетите Грујовски и Бошковски - пресвртница за најголемата афера;*
- *Заев доби поддршка лично од Тачи, се разговара за влез на ДПА во Владата;*
- *Од годинава ќе има поскапување на водата;*
- *Поддршката за прием на Косово во УНЕСКО ќе зависи и од интересите на Србија и на Македонија;*
- *Нова студентска година - стари проблеми;*
- *Обвинителството отвора истрага за насилството врз студентите;*
- *Изборна обложувалница.*

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03-11-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4959 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на албански јазик, на регионално ниво Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот од 6 часот до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 21 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период, од 18 до 27 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на ТВ Коха емитувано од 21 часот, опфати десет изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 1 час 58 минути и 41 секунда, така што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.

*Табела 1: Структура на теми по субјекти*

| ТВ Коха | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Други субјекти | 00:02:07 | 7.00 | % |
| Судство | 00:04:25 | 14.61 | % |
| Влада на РМ | 00:17:00 | 56.23 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:52 | 16.10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:50 | 6.06 | % |
| Вкупно за тема: | 00:30:14 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:11:19 | 100.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:11:19 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Други субјекти | 00:11:20 | 28.12 | % |
| Без субјекти | 00:02:42 | 6.70 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:06 | 10.17 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:30 | 6.20 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:08:21 | 20.72 | % |
| Влада на РМ | 00:03:06 | 7.69 | % |
| Судство | 00:01:59 | 4.92 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:38 | 6.53 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:36 | 8.93 | % |
| Вкупно за тема: | 00:40:18 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:04 | 21.90 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:59 | 27.10 | % |
| Беса | 00:11:32 | 31.31 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:05:53 | 15.97 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:01:22 | 3.71 | % |
| | Вкупно за тема: 00:36:50 | 100 | % |

**Вкупно: 01:58:41**

Делот од прилозите, во кој преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 36 минути и 50 секунди (Табела 1). Иако, ова е мал обем информации за период од 10 дена, може да се констатира дека телевизијата настојувала да известува за митинзите и средбите на учесниците во кампања во својот регион и на кандидатите со приближно ист интензитет на активности да им обезбеди еднакво време – Беса – 11 минути и 32 секунди, ДУИ – 9 минути и 59 секунди, Коалиција СДСМ и др. - 8 минути и 4 секунди и Алијансата на Албанците со 5 минути и 53 секунди. Известувано е и за Демократската партија на Турците на Македонија со време од 1 минута и 22 секунди.

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 30 минути и 14 секунди. Прилозите за други теми поврзани со избори траат 40 минути и 18 секунди (Табела 1).

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на ДУИ – 7 минути и 37 секунди и на Беса – 6 минути и 19 секунди.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Коха | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Алијанса на Албанците | 00:03:39 | 15.05 | % |
| Беса | 00:06:19 | 26.05 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:53 | 11.89 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:37 | 31.41 | % |
| Влада на РМ | 00:00:58 | 3.99 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:50 | 3.44 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:26 | 5.91 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:33 | 2.27 | % |
| | **Вкупно: 00:24:15** | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*

Во десетдневниот извештаен период (18 - 27 октомври) ТВ Коха емитуваше и репризираше неколку посебни информативни емисии поврзани со изборниот процес.

*Дебати*

На 18 октомври 2017 година, беше емитувано премиерното издание на дебатната емисија *„Збори сега"*. Гости беа професорите Руфи Османи и Алајдин Демири. Темата беше: Анализа на резултатите од локалните избори. Репризното издание се емитуваше наредниот ден.

На 20 октомври 2017 година, бележиме премиерно издание на емисијата „*Збори сега*“. Гости беа Берзах Бејтулаху – ДУИ; Албон Џемаили – Алијанса на Албанците. Темата беше вториот круг на локалните избори. Репризата беше емитувана на 22 октомври 2017 година.

На 25 октомври 2017 година, дебатната емисија „*Збори сега*“ беше со гостите: Беким Максути од ДУИ и Седат Сулејмани од Беса. Темата повторно беше вториот круг од локалните избори.

Во дебатната емисија „*Збори сега*“ емитувана на 27 октомври 2017 година, гости беа: Флакрон Беџети од Алијансата на Албанците и Артин Спахиу од ДУИ. Се зборуваше за вториот круг од локалните избори.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03.11.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4960 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на бошњачки и на македонски јазик, на регионално ниво (Д1-Црн Врв – Скопје), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот во периодот од 6 до 24 часот, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во ударниот термин, во 18 часот.

Содржини поврзани со Локалните избори медиумот емитуваше само во рамки на вестите.

*Дневно-информативни емисии*

Вкупното траење на анализираните прилози во вестите изнесува 2 часа, 26 минути и 46 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ Едо | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Специјално обвинителство | 00:02:25 | 5.29 | % |
| Други субјекти | 00:04:25 | 9.68 | % |
| Влада на РМ | 00:23:30 | 51.48 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:55 | 2.01 | % |
| Судство | 00:03:37 | 7.92 | % |
| Претседател на РМ | 00:07:10 | 15.70 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:54 | 6.35 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:43 | 1.57 | % |
| Вкупно за тема: | 00:45:39 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:11:30 | 70.48 | % |
| Судство | 00:02:01 | 12.36 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:00 | 12.26 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:48 | 4.90 | % |
| Вкупно за тема: | 00:16:19 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:08:55 | 26.68 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:43 | 2.14 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:04:36 | 13.77 | % |
| Судство | 00:04:02 | 12.07 | % |
| Влада на РМ | 00:05:44 | 17.16 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:00 | 2.99 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:00 | 2.99 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:44 | 8.18 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:07 | 3.34 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:01:07 | 3.34 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:30 | 4.49 % |
| Претседател на РМ | 00:00:57 | 2.84 % |
| | Вкупно за тема: 00:33:25 | 100 % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:15:16 | 29.71 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:21:44 | 42.30 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:10 | 10.06 % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:20 | 12.33 % |
| Беса | 00:02:25 | 4.70 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:28 | 0.91 % |
| | Вкупно за тема: 00:51:23 | 100 % |
| | **Вкупно: 02:26:46** | |

Распоредот на времето во Табела 1 покажува дека ТВ Едо за изборната кампања во вториот круг од Локалните избори 2017 година, одвои 51 минута и 23 секунди од вестите. Фокусот во известувањето беше ставен на активностите на кандидатите од двете коалиции – едната на ВМРО ДПМНЕ и другата на СДСМ кои имаат најмногу кандидати за градоначалници во регионот што го покрива овој медиум и кои имаат добиено најмногу време - првата 21 минута и 44 секунди, а втората 15 минути и 16 секунди. Третманот на двете коалиции од кампањските активности на терен беше приближно еднаков. Телевизијата известуваше и за активностите на: Алијансата на Албанците (6 минути и 20 секунди), ДУИ (5 минути и 10 секунди), Беса (2 минути и 25 секунди) и ДПА (28 секунди).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 45 минути и 39 секунди. Во ова време влегуваат прилозите поврзани со информациите од СЈО за текот на постапката во случајот „Сопот"; пренесеното интервју на „Блумберг" со Драган Тевдовски – министер за финансии и обвинувањата од ВМРО ДПМНЕ во однос на задолжувањата на Владата на РМ; соопштенијата од грчките власти и од Министерството за правда на Р.Македонија за апсењето на Груевски и Бошковски и за општите информации за текот на постапката и за отфрлање на „бомбите" како доказ во постапката од страна на Кривичниот суд; Изјавата дадена на министерот за земјоделство Љупчо Николовски на Третиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна во Охрид; Билтен на МВР за тепачката во автобус кај Бит Пазар каде е извршен разговор со 10 лица; Пренесената изјава на портпаролот на Владата на РМ Миле Бошњаковски во врска со темите на седницата на Владата и тоа за Предлог-законот за заштита од пушење, за барањето на Народниот правобранител институциите да ги почитуваат неговите препораки, за месечниот надомест за семејството на Јохан Тарчуловски, за субвенционирање на евтини летови, за влијанието на Законот за малцинства на Албанија како и за најавените коалицирања на локалните избори; Директното обраќање на Зоран Заев – премиер на Р.Македонија и на Мила Царовска – министер за труд и социјална политика на тема „Конституирана интерресорска група за еднакви можности на жените и мажите"; одржаните вежби на МВР во Касарната Илинден, каде говор држеше министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски; Пренесеното соопштение од МВР по повод обвинувањата на ВМРО ДПМНЕ за наводното прислушување и др.

Државната изборна комисија времето од 16 минути и 19 секунди (Табела 1) го доби преку прилозите поврзани за бројот на освоени мандати во скопските општини како и за бројот на поднесени приговори за постапката на гласање; разгледувањето на приговорите за првиот круг од локалните избори каде директно обраќање имаше Невенка Стаменковска - претставник на ВМРО ДПМНЕ; пренесената изјава на портпаролот на ДИК Љупка Гугучевска во врска со одбиените приговори за изборите, како и за поднесените тужби до Управниот суд за истите; информациите за бројот на избирачи и избирачки места на кои ќе се гласа во вториот круг од Локалните избори и информациите за предавање на изборниот материјал до ОИК и др.

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 33 минути и 25 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите во кои: ИК на ВМРО ДПМНЕ бара амнестија за напаѓачите од 27 април во Собранието, а СДСМ порачува дека не смее да има амнестија; информациите земени од МВР за инцидентот пред штабот на ГРОМ и реакцијата на ГРОМ за случувањата; прилогот со делови од интервјуто дадено за Телевизија Алфа на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски; информациите од Управниот суд за разгледувањето на тужбите против решенијата на ДИК за приговорите за првиот круг од локалните избори; Одбележувањето на Денот на македонската револуционерна борба; преземањето на градоначалничката функција на Град Скопје и на општина Центар од страна на новите градоначалници Петре Шилегов и Саша Богдановиќ; најавата дека комисијата на ЈОРМ ќе следи евентуални изборни нерегуларности и обвинувањата на ВМРО ДПМНЕ за притисоци и закани; изјавата од Иво Вајгл – известувач за Македонија во Европскиот парламент, дадена во интервју за емисијата „360" на ТВ Алсат-М пренесена со наслов - „ЕУ ќе ги помирува власта и опозицијата во Македонија во куќата на „Жан Моне" близу Париз" и др.

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ Едо | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:01:30 | 3.10 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:23:54 | 49.47 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:49 | 1.69 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:27 | 0.93 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:44 | 1.52 | % |
| Беса | 00:00:24 | 0.83 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:57 | 1.97 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:16 | 21.25 | % |
| Влада на РМ | 00:07:13 | 14.94 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:24 | 2.90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:41 | 1.41 | % |
| | **Вкупно: 00:48:19** | **100** | **%** |

Директните обраќања во Табела 2 ја следат логиката за застапеноста на субјектите од Табела 1. Најмногу време за директни обраќања е одвоено за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 23 минути и 54 секунди, потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 10 минути и 16 секунди. Од другите учесници на локалните избори 2017, директни обраќања се одвоени и за: Алијансата на Албанците со 57 секунди, ГРОМ со 49 секунди, ДУИ со 44 секунди и Беса со 24 секунди.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03.11.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4961 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д1- Црн Врв - Велес (Велес, Лозово, Свети Николе, Чашка, Градско, Росоман, Неготино, Кавадарци, Демир Капија), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот. Од дневно-информативните емисии се анализираа вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период од вториот круг за локалните избори 2017, од 18 до 27 октомври, регистрирани и анализирани беа девет изданија на дневно-информативната емисија која се емитува секој ден освен недела, во 20 часот. Вкупното траење на прилозите од вестите изнесува 1 час, 46 минути и 31 секунда, време во кое медиумот најмногу известуваше за активностите од кампањата на кандидатите за градоначалници - 1 час, 5 минути и 6 секунди од вкупното време посветено на дневно-информативните содржини. Податоците покажуваат дека медиумот направи напор за избалансирано претставување на кандидатите. Сепак, методолошки оваа минутажа не е доволна за извлекување оценки за начинот на известување.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

Во периодот од 18 до 27 октомври, на КТВ беше емитувана дебатната емисија „ТВ Дуел". Во дебатата учествуваа кандидатите за градоначалник на општина Кавадарци, Бетиане Китев од Коалицијата предводена од СДСМ и Митко Јанчев од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ. Емисијата беше емитувана со почеток во 21:09:20 а траеше до 01:52:38 следниот ден. Во првиот дел од емисијата, гостите одговараа на прашања поставени од гледачите преку социјалните медиуми, додека во вториот дел од емисијата гостите имаа можност да презентираат делови од своите изборни програми како и да ги спротистават своите ставови во однос на повеќе приоритетни прашања за животот на граѓаните во Кавадарци како: сообраќајните и инфраструктурните проекти, финансирањето на општината, состојбите во јавните претпријатија, кадровската состојба во општината, развојот на туризмот, локалниот економски развој како и плановите за подобрување на социјалната заштита во општината.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 03. 11. 2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4962 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот. Од дневно-информативните емисии се анализираа вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 18 до 27 октомври, на ТВ Кисс беа регистрирани девет изданија на дневно-информативната емисија која се емитува секој ден освен недела, во 20 часот. Вкупното траење на прилозите од вестите изнесува 33 минути и 27 секунди, од кои најмногу време беше посветено на активностите на политичките партии во рамки на изборната кампања за вториот круг на изборите, поточно во 24 минути и 17 секунди од вкупното време посветено на дневно-информативните содржини. Сепак, оваа минутажа е премала за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

Во десетдневниот извештаен период за изборната кампања од вториот круг на избори не беа регистрирани посебни информативни емисии.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-11.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4963 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:

- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво ДЗ - Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот. Од дневно-информативните емисии се анализираа вестите во 17 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Анализата е спроведена врз вкупно десет изданија на вестите. Вкупното траење на прилозите релевантни за мониторингот изнесува 2 часа, 11 минути и 13 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ СТАР | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:08:11 | 19.23 | % |
| Други субјекти | 00:04:19 | 10.14 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:19:02 | 44.73 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:13 | 12.26 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:57 | 11.63 | % |
| Влада на РМ | 00:00:51 | 2.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:42:33 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:06:19 | 100.00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:06:19 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Други субјекти | 00:01:10 | 6.83 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:36 | 21.07 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:56 | 17.17 | % |
| Независни кандидати | 00:02:26 | 14.24 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:00 | 5.85 | % |
| Без субјекти | 00:01:00 | 5.85 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:00 | 5.85 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:27 | 20.20 | % |
| Влада на РМ | 00:00:30 | 2.93 | % |
| Вкупно за тема: | 00:17:05 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:33:25 | 51.20 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:31:51 | 48.80 | % |

Вкупно за тема: 01:05:16 100 %

**Вкупно: 02:11:13**

Делот од прилозите во кој преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници во вториот круг од локалните избори, опфаќа најмногу од анализираното време, 1 час 5 минути и 16 секунди (Табела 1), што значи дека во фокусот на вестите на ТВ-СТАР во овој извештаен период, беа кампањските активности на политичките субјекти претежно во регионот што го покрива (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово). Медиумот известуваше за различните изборни активности на политичките партии, како прес-конференции на кои кандидатите презентираа делови од своите програми и упатуваа обвинувања кон своите политички опоненти и средби со граѓаните. Речиси еднакво време е одвоено за двете коалиции, и тоа Коалицијата предводена од СДСМ беше застапена со 33 минути и 25 секунди, додека Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ беше застапена со 31 минута и 51 секунда.

Вкупно 42 минути и 33 секунди од вкупното анализирано време во дневно-информативните содржини беа посветени на активностите на органите на власт од кои пак најголем дел се посветени на активностите на органите на државна управа или на јавните претпријатија, со 19 минути и 2 секунди. Ваквите резултати се должат на актуелизирање на прашањето за водоснабдувањето и исправноста на водата во општина Штип, за што Коалицијата предводена од СДСМ, во текот на периодот на кампањата упати бројни обвинувања кон јавното претпријатие ИСАР, при што медиумот редовно ги проследуваше и одговорите на јавното претпријатие.

Во анализираните прилози, забележан беше и прилог во кој што активностите на лице на кое што му е доверено вршење на јавни овластувања беа во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект. Станува збор за прилог во кој е пренесена средба со граѓани и претставници од граѓанските организации во Штип на која учествуваа министерката за труд и социјална политика Мила Царовска и кандидатот за градоначалник Благој Бочварски на која се разговараше за идната соработка помеѓу локалната и централната власт за решавање на проблемите со кои се соочуваат текстилните работници и работнички.

*Табела 2: Структура на директни обраќања*

| ТВ СТАР | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:25:53 | 34.15 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:24:30 | 32.32 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:04:47 | 6.31 % |
| Други субјекти | 00:02:25 | 3.19 % |
| ДИК и други органи | 00:03:26 | 4.53 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:20 | 3.08 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:12 | 6.86 % |
| Локална самоуправа | 00:03:13 | 4.24 % |
| Влада на РМ | 00:01:15 | 1.65 % |
| Независни кандидати | 00:00:51 | 1.12 % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:24 | 0.53 % |
| Граѓански сектор | 00:01:32 | 2.02 % |
| | Вкупно: 01:15:48 | 100 % |

Структурата на директните обраќања во Табела 2 ја следи логиката на застапеноста на субјектите од Табела 1. Времето посветено на директните обраќања на двете коалиции, на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ е приближно еднакво и најмногу застапено. За директните обраќања на претставниците од Коалицијата предводена од СДСМ посветени се 25 минути и 53 секунди, а за директните обраќања на претставниците од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 24 минути и 30 секунди.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на овој десетдневен период од кампањата за вториот круг од локалните избори не беа регистрирани посебни информативни емисии.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03.11.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4964 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски јазик, на регионално ниво Д3 - Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот. Од дневно-информативните емисии се анализираа вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот извештаен период од вториот круг на локалните избори 2017, од 18 до 27 октомври, регистрирани и анализирани беа девет изданија на дневно-информативната емисија која се емитува секој ден освен недела, во 20 часот. Вкупното траење на прилозите од вестите изнесува 1 час, 50 минути и 38 секунди. Во овој период, медиумот во вестите со најголем интензитет известуваше за активностите на политичките партии во рамки на изборната кампања за вториот круг на изборите, поточно во 1 час и 10 минути од вкупното време посветено на дневно-информативните содржини. Сепак, со оваа минутажа не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

ТВ Ирис, во текот на изборната кампања за вториот круг на локалните избори, емитуваше повеќе дебатни емисии превземени од ТВ 24 Вести. Станува збор за повеќе изданија на дебатната емисија „24 Анализа".

На 18 октомври, беше емитувано издание на емисијата „24 Анализа", во 09:56:17 со траење до 11:10:47. Учесници во емисијата беа универзитетските професори Татјана Стојановска-Иванова и Самоил Малчевски како и аналитичарот Сашо Ордановски. Темата на емисијата гласеше: „Ќе има ли одговорност за изборниот пораз во редовите на опозицијата", а во текот на емисијата беа анализирани резултатите од првиот круг на локалните избори како и одговорноста на опозициската Коалиција за моменталната политичка состојба во земјата.

На 19 октомври, од 17:29:59 до 18:23:52, беше емитувано уште едно издание од емисијата „24 Анализа" во која гостуваше Филип Темелковски – кандидат за градоначалник на општина Кисела Вода од Коалицијата предводена од СДСМ. Покана за учество во емисијата била пратена и до Јохан Тарчуловски- кандидат за градоначалник на Кисела Вода од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ но тој не одговорил на поканата, па емисијата која првично била организирана во форма на дебата, имаше формат на интервју. Во интервјуто со Темелковски, се анализираа резултатите од гласањето во првиот круг на локалните избори во кои Коалицијата на СДСМ го освои Советот на општината, за плановите на Темелковски доколку тој седне на позицијата градоначалник на општината како и за проблемите со кои се соочуваат граѓаните во Кисела Вода.

На 20 октомври со почеток во 09:50:00 до 10:59:51, ја емитуваше дебатната емисија „24 Анализа", во која гостуваа Љубомир Фрчковски - универзитетски професор и Насер Зибери- поранешен пратеник. Темата на емисијата се однесуваше на патот на Македонија кон членство во ЕУ, со осврти кон резултатите од првиот круг на локалните избори, можната оставка на лидерот на опозициската ВМРО ДПМНЕ како и потребата од реформи во судскиот систем со цел земјата да ги исполни условите за влез во ЕУ.

На 25 октомври, беа емитувани две изданија на дебатната емисија „24 Анализа". Првото издание беше емитувано во 10:09:46 со траење до 11:01:45. Во дебатата гостуваа Јове Кекеновски - универзитетски професор и Илија Илијовски - претставник на „Движење за реформи во ВМРО ДПМНЕ". Темата за дебата беше насочена кон причините за поразот во првиот круг на локалните избори на опозициската ВМРО ДПМНЕ, како и можноста за реформирање на партијата во опозиција.

Второто издание на емисијата „24 Анализа" беше емитувано од 17:32:33 до 18:24:16 и во него гостуваа адвокатите Валентин Зафиров и Оливер Вуксановиќ како и новинарот Љубиша Станковиќ. Тема на дебатата беа судските процеси за случаите „Тврдина" и „Таргет" како и апсењето и депортацијата на Горан Грујоски и Никола Бошковски. Емисијата беше репризирана на 26 октомври, од 09:58:31 до 10:50:15.

На 26 октомври ТВ Ирис емитуваше уште едно издание од емисијата „24 Анализа" во која гостуваа: Зоран Матевски – универзитетски професор, отец Ивица Тодоров и Марјан Николовски - новинар. Темата за дискусија гласеше: „Стана ли црквата економска институција? Која е улогата на религијата во македонското современо општество?". Емисијата беше репризирана на 27 октомври, во периодот од 09:51:50 до 10:44:38.

На последниот ден од кампањата за вториот круг на локалните избори, медиумот ја емитуваше дебатната емисија „24 Анализа" во која гостуваше Благој Бочварски - кандидат за градоначалник на Штип од Коалицијата предводена од СДСМ. Покана за учество во емисијата била испратена и до Илчо Захариев-кандидат за градоначалник на Штип од Коалицијата предводена на ВМРО ДПМНЕ, но тој не одговорил на поканата. Во емисијата кандидатот Благој Бочварски имаше можност да презентира делови од својата програма за вториот круг на локалните избори 2017. Емисијата беше емитувана во 17:44:30 со траење до 18:33:33.

*Интервју*

Во овој десетдневен извештаен период, ТВ Ирис двапати емитуваше едно интервју преземено од Радио Слободна Европа. На 22 октомври беше емитувано и потоа репризирано едно издание на емисијата „Неделно интервју„ на Радио Слободна Европа во кое гостуваше Сухејл Фазлиу – министер за локална самоуправа. Во емисијата се разговараше за изборните резултати од гласањето во првиот круг на локалните избори, како и за проблемите околу финансиската независност на локалните самоуправи низ земјата. Интервјуто беше емитувано од 17:37:28 до 17:47:54 и репризирано од 20:05:33 до 20:15:59.

**7. Опис на прекршувањето: /**

**8. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03. 11. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4965 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на македонски и на албански јазик, на регионално ниво Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик.**

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма во периодот од 6 до 24 часот, а од дневно-информативните емисии, предмет на анализа беа вестите во 20 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период од изборната кампања за вториот круг на локалните избори, од 18 до 27 октомври, анализирани беа десет изданија на вестите во 20 часот, со вкупно траење на прилозите од 43 минути и 3 секунди. Од вкупното времетраење на прилозите во вестите, на активностите на политичките партии во периодот на изборната кампања беа посветени вкупно 23 минути и 7 секунди, што го претставува најголемиот дел од дневно-информативните содржини. ТВ Ултра, во дневно-информативните емисии посвети и 12 минути за активностите на Државната изборна комисија, преку кои се соопштуваа резултатите од гласањето во првиот круг на локалните избори. Сепак, вкупната минутажа не е доволна за извлекување оценки за начинот на известување на медиумот.

*Посебни информативни емисии*

Во овој извештаен период не беа регистрирани посебни информативни емисии на ТВ Ултра.

## 7. Опис на прекршувањето: /

## 8. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03. 11. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4966 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.

(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.)

- **Член 75-а став 1 точка в и став 2 од Изборниот законик**

(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:

в) За локалните избори:
- за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите;
- за избор на членови на советите на општините, односно членови на советот на градот Скопје, за радиодифузерите на државно и регионално ниво во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите на општините, односно членови на градот Скопје, а за радиодифузерите на локално ниво во согласност со принципот на еднаквост.

(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.

## 6. Констатации од надзорот:

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван од 18 до 27 октомври 2017 година, на ромски и на македонски јазик, на регионално ниво, (Д1) **не е констатирано прекршување на член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**.

Предмет на надзор беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерот од 6 часот до полноќ, а од дневно-информативните емисии анализирани се вестите во 19 часот.

*Дневно-информативни емисии*

Во десетдневниот период, од 18 до 27 октомври 2017 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите („Гласот на Ромите") во продукција на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитувано од 19 часот, опфати 8 изданија[1] со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 2 часа 32 минути и 58 секунди.

*Табела 1: Структура на темите по субјекти*

| ТВ Шутел | | | |
|---|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент | |
| Активности на органите на власт | | | |
| Јавно обвинителство | 00:04:57 | 21,76 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:39 | 2,86 | % |
| Судство | 00:02:25 | 10,62 | % |
| Влада на РМ | 00:10:38 | 46,74 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:58 | 13,04 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:08 | 4,98 | % |
| Вкупно за тема: | 00:22:45 | 100 | % |
| Активности на ДИК и други органи | | | |
| ДИК и други органи | 00:15:34 | 100,00 | % |
| Вкупно за тема: | 00:15:34 | 100 | % |
| Други теми поврзани со избори | | | |
| Други субјекти | 00:06:18 | 41,09 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:55 | 32,07 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:01 | 19,67 | % |
| ТМРО | 00:00:22 | 2,39 | % |
| Левица | 00:00:22 | 2,39 | % |
| Судство | 00:00:22 | 2,39 | % |
| Вкупно за тема: | 00:15:20 | 100 | % |
| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:40:30 | 40,78 | % |

[1] На 21 октомври и на 27 октомври немаше издание на вестите.

| | | |
|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:33:36 | 33,83 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:40 | 9,73 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:00 | 1,01 % |
| Беса | 00:07:59 | 8,04 % |
| Алијанса на Албанците | 00:06:34 | 6,61 % |
| | Вкупно за тема: 01:39:19 | 100 % |

**Вкупно: 02:32:58**

Делот од прилозите, во кој преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции учесници во вториот круг од локалните избори, опфаќа 1 час 39 минути и 19 секунди од вкупното време на дневно-информативните содржини (Табела 1).

Во овој извештаен период ТВ Шутел најчесто известуваше за изборните активности на двете коалиции со свои кандидати во Општина Шуто Оризари. Коалицијата предводена од СДСМ беше застапена во 40 минути и 30 секунди, додека Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, која му даде поддршка на кандидатот за градоначалник од Сојузот на Ромите, беше застапена во 33 минути и 36 секунди.

Телевизијата информираше и за активностите на четири партии од албанскиот блок: ДУИ - Демократска унија за интеграции беше застапена во 9 минути и 40 секунди, Беса во 7 минути и 59 секунди, Алијансата на Албанците во 6 минути и 34 секунди и ДПА - Демократска партија на Албанците во 1 минута.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Шутел | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:18 | 30,70 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:09 | 29,30 % |
| Други субјекти | 00:04:18 | 40,00 % |
| | **Вкупно: 00:10:45** | 100 % |

Табелата 2 покажува дека ТВ Шутел одвои многу малку време за директни обраќања во извештајниот период, само 10 минути и 45 секунди.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 25.10.2017 г. се емитуваше емисијата „Ромска дебата". Во неа учествуваше кандидатот за градоначалник на општина Шуто Оризари од Коалицијата предводена од СДСМ, Курто Дудуш, додека кандидатот за градоначалник од Сојузот на Ромите од Македонија, Елвис Бајрам, не се одзвал на поканата. Истиот ден емисијата беше репризирана.

7. Опис на прекршувањето: /

8. Предлог-мерка: /

*Сектор за програмски работи*

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03. 11. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4967 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 18 до 27 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 ноември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 ставови 1 и 2 од Изборниот законик**

